# Република Северна Македонија

## Кабинет на Заменик Претседателот задолжен за економски прашања и координација со економските ресори/ Општина Карпош

## „Спортско адреналински парк - Карпош“

**Подгрант бр: LRCP-1/18-SG-31**

**Изведба на градежни работи за изградба на спортско-адреналински парк, општина Карпош**

# НАЦИОНАЛНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
# Реф. бр. LRCP-1/18-SG-31-NCB/1

**25 јуни, 2019 година**

# Стандардни тендерски документи

## Содржина

**ДЕЛ 1 – Тендерска постапка....................................................................3**

Дел I – Инструкции за понудувачите.......................................................5
Дел II – Листа со податоци за понудување (ЛПП) ................................29
Дел III – Критериуми за евалуација и квалификација...........................34
Дел IV – Обрасци на понудата.................................................................51
Дел V – Квалификувани земји..................................................................85

**ДЕЛ 2 - Услови на работодавачот .........................................................30**

Дел VI – Услови на Работодавачот .........................................................86

**ДЕЛ 3 – Услови од договорот и обрасци на договорот ...............** Error! Bookmark not defined.

Дел VII. Општи услови од договорот .....................................................96
Дел VIII. Посебни услови од договорот ................................................128
Дел IX – Обрасци на договорот..............................................................136

# Дел I – Инструкции за понудувачите

**Клаузули**

**А. Општо ..... 5**

1. Опис на понудата ..... 5
2. Извор на средства ..... 5
3. Измама и корупција ..... 6
4. Квалификувани понудувачи ..... 6
5. Прифатливи материјали, опрема и услуги ..... 9

**Б. Содржина на тендерска документација ..... 9**

6. Дели на тендерската документација ..... 9
7. Појаснување на тендерската документација, посета на локацијата, состанок пред поднесувањето на понудите ..... 10
8. Измена на тендерската документација ..... 11

**В. Изготвување на понуди ..... 11**

9. Трошок за поднесување на понудата ..... 11
10. Јазик на понудата ..... 11
11. Документи опфатени во понудата ..... 12
12. Писмо со понуда и распореди ..... 12
13. Алтернативни понуди ..... 12
14. Цени во понудата и попусти ..... 13
15. Валути на понудата и плаќање ..... 14
16. Документи од кои се состои техничката понуда ..... 14
17. Документи со кои се утврдуваат квалификациите на понудувачот ..... 14
18. Период на валидност на понудата ..... 15
19. Гаранција на понудата ..... 15
20. Формат и потпишување на понудата ..... 17

**Г. Поднесување и отворање на понудите ..... 18**

21. Ставање печат и обележување на понудите ..... 18
22. Краен рок за поднесување понуди ..... 19
23. Задоцнети понуди ..... 19
24. Повлекување, замена и модификација на понуди ..... 19
25. Отворање на понуди ..... 20

**Д. Евалуација и споредба на понуди ..... 21**

26. Доверливост ..... 21
27. Појаснување на понуди ..... 21
28. Девијации, ограничувања и пропусти ..... 22
29. Утврдување на соодветност ..... 22

30. Несогласувања, грешки и недостатоци........................................23
31. Поправање на аритметички грешки.............................................23
32. Конвертирање во единствена валута ...........................................24
33. Повластување за домашни понудувачи.......................................24
34. Подизведувачи ................................................................................24
35. Евалуација на понуди ....................................................................24
36. Споредба на понуди........................................................................26
37. Квалификации на понудувачот ....................................................26
38. Право на работодавачот да прифати или одбие било која понуда или да ги одбие сите понуди.........................................................26

**Ѓ. Доделување на договор.........................................................................26**

39. Критериуми за доделување...........................................................26
40. Известување за доделување на договорот...................................26
41. Потпишување на договорот..........................................................27
42. Гаранција за извршување на договорот.......................................28
43. Пресудувач .......................................................................................28

# Дел I – Инструкции за понудувачите

## А. Општо

**1. Опис на понудата**

1.1 Работодавачот, како што е **назначено во Листа со податоци за понудување (ЛПП)** ја издава оваа Тендерска документација за набавка на работи како што е назначено во Дел VII, (Услови на работодавачот). Насловот, идентификацијата и бројот на договорот на оваа набавка се **наведени во ЛПП.**

1.2 Во оваа Тендерска документација:

(а) терминот „писмено“ значи комуникација во писмена форма со потврда за прием;

(б) со исклучок на местата каде што е поинаку назначено „еднина“ значи „множина“ и обратно; и

(в) „ден“ се однесува на календарски ден.

(г) „ЖССАЗБ“[1] се однесува на аспектите на животната средина, социјалните аспекти (вклучувајќи сексуално искористување и злоупотреба (СИЗ), родово базирано насилство (РБН)), здравје и безбедност.

**2. Извор на средства**

2.1 Позајмувачот или Примателот (во понатамошниот текст „Заемопримач“) како што **е дефинирано во ЛПП** аплицирал за или примил финансиски средства (во понатамошниот текст „средства“) од Меѓународната банка за обнова и развој или Меѓународното здружение за развој (во понатамошниот текст „Банката“) за трошоците на проектот **назначени во ЛПП**. Позајмувачот има намера да искористи дел од средствата за оправдани исплати согласно договорот/-ите за кој се издава оваа Тендерска документација.

2.2 Исплатата од страна на Банката ќе се врши само на барање на Заемопримачот и со одобрение од страна на Банката и во секој поглед ќе подлежи на условите на Договорот за заем (или друго финансирање). Договорот за заем (или друго финансирање) го забранува повлекувањето од сметката за заем (или друго финансирање) заради плаќање на физички или правни лица или за увоз на стоки, доколку таквото плаќање или увоз, со познавање на Банката, е забрането со одлука на Советот за безбедност на Обединетите нации преземени според Дел VII од Повелбата на Обединетите нации. Ниту една страна освен Заемопримачот нема да има

[1] “ESHS” Environmental, Social, Health and Safety

никакви права од Договорот за заем (или друго финансирање) или некакво побарување за приходите од Заемот (или друго финансирање).

**3. Измама и корупција**

3.1 Банката бара почитување на нејзините политики во однос со практиките на корупција и измама како што е наведено во Дел VI.

3.2 Во понатамошно спроведување на оваа политика, Понудувачите треба да дозволат и да направат нивните агенти (без разлика дали се декларирани или не), подизведувачи, потконсултанти, даватели на услуги или добавувачи и друг кадар да ѝ дозволат на Банката да ги прегледа сите сметки, евиденција и други документи поврзани со сите процеси на претквалификација, поднесувањето на понуди и изведба на договор (во случај на доделување) и да ги даде истите на ревизија на ревизори назначени од Банката.

**4. Квалификувани понудувачи**

4.1 Понудувач може да биде физичко лице, приватна фирма или фирма во државна сопственост – предмет на ИП 4.5 - или секоја нивна комбинација во форма на заедничко вложување (ЗВ), според постоечки договор, или со намера да се направи таков договор придружено со писмо за намери. Во случај на заедничко вложување, сите членови ќе бидат заеднички и поединечно одговорни за извршување на Договорот во согласност со условите на договорот. ЗВ ќе назначи претставник што ќе има овластување да го води целиот бизнис за и во име на сите и сите членови на ЗВ за време на процесот на наддавање и во случај на ЗВ да му биде доделен Договорот, во текот на извршувањето на договорот. **Освен ако не е поинаку наведено во ЛПП**, нема ограничување на бројот на членови во ЗВ.

4.2 Понудувачот не треба да има конфликт на интереси. Сите Понудувачи кои ќе имаат конфликт на интереси ќе бидат дисквалификувани. Понудувачите ќе се смета дека имаат конфликт на интереси со една или повеќе страни во оваа тендерска постапка доколку:

(а) директно или индиректно контролираат, се контролирани или се под заедничка контрола со друг Понудувач; или

(б) примаат или примиле директна или индиректна парична помош од некој од нив; или

(в) имаат ист правен претставник како друг Понудувач; или

(г) имаат меѓусебни релации, директни или преку трета страна со што имаат пристап до информации за понудата или со кои што може да влијаат врз Понудите на некој друг Понудувач

или може да влијаат врз одлуката на Работодавачот во однос на тендерската постапка; или

(д) Понудувачот учествува со повеќе од една понуда во тендерската постапка. Доколку Понудувачот учествува со повеќе од една понуда, сите Понуди во коишто учествува Понудувачот ќе бидат дисквалификувани. Ова не се однесува на подизведувачите, односно истите подизведувачи може да бидат вклучени во повеќе од една понуда; или

(ѓ) Понудувачот или некој од неговите партнери учествувал како консултант при подготовката на нацртот и техничките спецификации на Договорот за којшто се однесува Понудата; или

(е) или доколку некој од неговите партнери е ангажиран (или е предложено да биде ангажиран) од страна на Работодавачот или Заемодавачот како Инженер за спроведување на договорот;

(ж) ќе обезбедува стоки, работи или неконсултантски услуги што произлегуваат од или се директно поврзани со консултантските услуги за подготовка или спроведување на проектот наведено во ЛПП ИП 2.1 што ги обезбедил или биле обезбедени од кој било партнер што директно или индиректно ја контролира, го контролира, или е под заедничка контрола со таа фирма;

(з) има блиски деловни или семејни врски со стручниот кадар на Заемопримачот (или од агенцијата за спроведување на проектот или од примател на дел од заемот) кои: (i) се директно или индиректно вклучени во подготовката на тендерските документи или спецификации на договорот, и / или процесот на евалуација на понудите на тој договор; или (ii) би биле вклучени во спроведувањето или надзорот на тој договор, освен ако судирот што произлегува од таквиот однос е решен на начин што е прифатлив за Банката во текот на целиот процес на набавки и извршувањето на договорот.

4.3 Понудувач може да има државјанство на која било земја што е предмет на ограничувања според ИП 4.7. Понудувачот ќе се смета дека има државјанство од земјата ако понудувачот е воспоставен, основан или регистриран и работи во согласност со одредбите на законите на таа земја, како што е потврдено во неговиот основачки акт (или еквивалентни документи за воспоставување или здружување) и во неговите документи за регистрација, во зависност од случајот. Овој критериум исто така се применува и за утврдување на националноста на предложените подизведувачи или потконсултанти за секој дел од Договорот вклучувајќи ги односните Услуги.

4.4 Понудувачот што бил санкциониран од страна на Банката во согласност со ИП 3.1, како и во согласност со Упатствата на Банката за спречување и борба против корупција во проектите што се финансирани со IBRD заеми и IDA кредити и грантови („Упатства за антикорупција“) нема да исполнува услови за преквалификација, давање понуда, или да му се додели договор финансиран од страна на Банката и нема да можат да имаат финансиска или друга придобивка од договор финансиран од Банката во времетраење што ќе го одреди Банката. Листата на исклучени фирми и лица е достапна на електронската адреса **наведена во ЛПП.**

4.5 Понудувачите што се петпријатија или институции во државна сопственост во земјата на Работодавачот можат да учествуваат само ако можат да потврдат дека (i) правно и финансиски автономни и дека; (ii) функционираат според трговскиот закон, и дека; (iii) тие не се зависни агенции на Работодавачот. За да се квалификува, претпријатието или институцијата во државна сопственост треба да докаже, врз основа на потребите на Банката, во сите релевантни документи, вклучувајќи ја и нејзината Повелба и други информации што Банката може да ги побара, дека: (i) е правно лице одделно од владата; (ii) тековно не добива значителни субвенции или буџетска поддршка; (iii) функционира како и секое комерцијално претпријатие и, меѓу другото, не е обврзано да ѝ го предаде својот вишок на владата, може да стекнува права и обврски, да позајмува средства и да има обврска да ги отплаќа своите долгови и може да оди под стечај; и (iv) не се наддава за договор што треба да го додели сектор или агенција на владата која според нивните применливи закони или прописи е орган за известување или надзор на претпријатието или има способност да врши влијание или контрола над претпријатието или институцијата.

4.6 Понудувачот не треба да е суспендиран од наддавање од страна на Работодавачот како резултат на примена на Декларација за обезбедување на понудата.

4.7 Фирмите ќе бидат исклучени доколку:

поради закон или официјални регулативи земјата на Заемопримачот забранува трговски односи со таа земја, под услов Банката да смета дека со тоа исклучување не се нарушува ефективната конкуренција за набавката на стоки или потребните услуги, или со акт на согласност со одлуката на Советот за Безбедност на Обединетите Нации наведен во Поглавје VII од Одредбата на Обединетите Нации, земјата на Заемопримачот забранува било каков

увоз на стоки или услуги од таа земја или било какви исплати на лица или правни субјекти во таа Земја.

4.8 Понудувачите ќе доставaт докази за нивна континуирана квалификуваност задоволителна за Работодавачот, на разумно барање на Работодавачот.

**5. Прифатливи материјали, опрема и услуги**

5.1 Материјалите, опремата и услугите што ќе бидат обезбедени според Договорот и финансирани од Банката може да потекнуваат од која било држава што е предмет на ограничувања наведени во Дел 4.2, Квалификувани држави, и сите трошоци според Договорот нема да бидат во спротивност со таквите ограничувања. На барање на Работодавачот, Понудувачите можеби ќе треба да приложат докази за потеклото на материјалите, опремата и услугите.

## Б. Содржина на тендерска документација

**6. Дели на тендерската документација**

6.1 Тендерската документација се состои од Дел 1, 2 и 3 во кои се вклучени сите Дели кои е наведени подолу и кои треба да бидат интерпретирани во согласност со Дополненијата од ИП 8

**ДЕЛ 1 Тендерска постапка**

Дел I - Инструкции за понудувачите (ИП)
Дел II - Листа со податоци за понудување (ЛПП)
Дел III - Критериуми за евалуација и квалификација
Дел IV - Обрасци на понудата
Дел V - Квалификувани држави
Дел VI – Политика на банката – Практики на корупција и измама

**ДЕЛ 2 Услови на работодавачот**

Дел VII – Услови на работодавачот

**ДЕЛ 3 Договорни услови и обрасци од договорот**

Дел VIII - Општи услови од договорот(ОУ)
Дел IX - Посебни услови од договорот (ПУ)
Дел X - Обрасци од договорот

6.2 Поканата за прибирање понуди која е објавена од страна на Работодавачот не претставува дел од тендерската документација.

6.3 Доколку не се добие директно од Работодавачот, Работодавачот не сноси одговорност за комплетноста на Тендерската документација, одговорите на барањата за појаснување, записникот од состанокот пред понудата (ако постои) или Дополнувањата на Тендерската документација во согласност со ИП 8. Во случај на противречности,

предност ќе имаат документите што се добиени директно од Работодавачот.

6.4 Понудувачот треба да ги испита сите инструкции, обрасци, услови и спецификации во Тендерската документација и да ги приложи во својата понуда сите информации и документација како што се бара од Тендерската документација.

**7. Појаснување на тендерската документација, посета на локацијата, состанок пред поднесувањето на понудите**

7.1 Потенцијалниот Понудувач кој бара објаснување на тендерската документација може писмено да го извести Работодавачот на неговата адреса која е **прикажана во ЛПП** или да ги постави своите прашања во рамките на состанокот пред поднесувањето на понудите доколку истиот се организира во согласност со ИП 7.4. Работодавачот ќе одговори во писмена форма на кое било барање за објаснување доколку истото е поднесено пред крајниот рок за поднесување понуди, а е во рамките на периодот **назначен во ЛПП.** Копии од одговорот на Работодавачот ќе се испратат до сите што подигнале тендерска документација во согласност со ИП 6.3, вклучувајќи опис на прашањето, без да се открие неговиот извор. Доколку Работодавачот смета дека треба да се направат измени на Тендерската документација како резултат на одредено барање за објаснување, истите ќе ги направи во согласност со процедурите наведени во ИП 8 и ИП 22.2.

7.2 Понудувачот на своја одговорност и ризик е поттикнат да ја посети и прегледа локацијата за изведба и нејзината околина и да ги прибере сите информации кои може да бидат неопходни при изготвувањето на Понудата и за склучување на договор за извршување на Работите. Трошоците за посета на Локацијата ќе ги сноси Понудувачот.

7.3 На Понудувачот и кој било од неговите вработени или агенти ќе им биде овозможен пристап од страна на Работодавачот до просториите и локацијата за потребите на ваква посета, но само под услов Понудувачот, неговите вработени и агенти да не бараат одговорност од страна на Работодавачот, неговите вработени и агенти во случај на смрт или повреда, исчезнување или оштетување на имотот и сите други загуба, штети, трошоци како и трошоците кои се резултат на инспекцијата.

7.4 **Доколку е наведено во ЛПП**, претставник на Понудувачот се повикува да учествува на состанокот пред поднесувањето на понудите. Целта на тој состанок ќе биде да се разјаснат одредени работи и да се даде одговор на прашањата кои може да ги има во тој момент.

7.5 Понудувачот треба да ги поднесе прашањата на писмено доколку тоа е возможно и истите треба да ги достави до Работодавачот не подоцна од една недела пред состанокот.

7.6 Записникот од состанокот пред поднесувањето на понудите заедно со сите поставени прашања, без притоа да се открива изворот, како и дадените одговори заедно со сите одговори кои се подготвени после состанокот, ќе им биде доставен на сите Понудувачи кои ја подигнале Тендерската документација во согласност со ИП 6.3. Доколку дојде до одредени измени на Тендерската документација како резултат на состанокот пред поднесувањето на понудите, истите ќе бидат направени од страна на Работодавачот со адендуми во согласност со ИП 8, а не преку записникот од состанокот пред поднесувањето на понудите. Доколку Понудувачот не учествува на состанокот пред поднесувањето на понудите, тоа нема да биде причина за негова дисквалификација.

**8. Измена на тендерската документација**

8.1 Пред крајниот рок за поднесување на понудите, Работодавачот може да ја модифицира тендерската документација преку издавање на дополненија.

8.2 Секој издаден адендум треба да е дел од Тендерската документација и ќе им биде писмено соопштено на сите што подигнале тендерска документација од Работодавачот во согласност со ИП 6.3. Работодавачот, исто така, треба веднаш да го објави адендумот на веб-страницата на Работодавачот во согласност со ИП 7.1.

8.3 За да им се даде на потенцијалните Понудувачи доволно време за да можат да земат некое такво дополнение во предвид при изготвување на понудите, Работодавачот може да го продолжи крајниот рок за поднесување на понудите во согласност со ИП 22.2.

## В. Изготвување на понуди

**9. Трошок за поднесување на понудата**

9.1 Понудувачот ќе ги сноси сите трошоци поврзани со изготвувањето и поднесувањето на својата Понуда, а Работодавачот во никој случај нема да биде одговорен или обврзан за тие трошоци, без разлика на начинот на кој се води тендерската постапка и на резултатот од неа.

**10. Јазик на понудата**

10.1 Понудата како и севкупната кореспонденција и документи кои ќе ги разменат Понудувачот и Работодавецот ќе бидат на јазикот **прецизиран во ЛПП.** Придружните документи и испечатената литература која е дел од понудата може да бидат на друг јазик доколку со нив се достави и точен превод на важните делови на јазикот **прецизиран во ЛПП**

и во овој случај преводот ќе биде земен во предвид при проценката на понудата.

**11. Документи опфатени во понудата**

11.1 Понудата ќе ги опфати следните документи:

(а) Писмо со понуда во согласност со ИП 12;

(б) Пополнети распореди во согласност со ИП 12 и 14; **како што е назначено во ЛПП**;

(в) Гаранција за понудата или Изјава која ја гарантира понудата во согласност со ИП 19.1;

(г) алтернативни понуди по желба на Понудувачот и доколку е дозволено во согласност со ИП 13;

(д) писмена потврда со која се овластува потписникот на Понудата како претставник на Понудувачот во согласност со ИП 20.2;

(ѓ) документиран доказ во согласност со ИП 17 со кој се утврдуваат квалификациите на Понудувачот за исполнување на договорот;

(е) Техничка понуда во согласност со ИП 16;

(ж) Останати документи кои се **назначени според ЛПП.**

11.2 Покрај барањата според ИП 11.1, понудите поднесени од страна на ЗВ треба да содржат копија од Договорот за заедничко вложување што го склучиле сите членови. Како алтернатива, сите членови потпишуваат писмо за намера за извршување на Договорот за заедничко вложување во случај на успешна понуда и писмото се доставува со понудата, заедно со копија од предложениот Договор.

11.3 Понудувачот треба во Писмото со понуда да даде информации за провизии и бонуси, доколку има, платени или што ќе им се платат на агенти или на која било друга страна во врска со оваа Понуда.

**12. Писмо со понуда и распореди**

12.1 Писмото со понуда и распоредите треба да се подготват во согласност со релевантните обрасци од Дел IV, Обрасци за понудата. Обрасците мора да се пополнат без никакви измени на текстот и нема да бидат прифатени никакви промени, освен ако не е е наведено во ИП 20.2. Сите празни места мора да се пополнат со потребните информации.

**13. Алтернативни понуди**

13.1 Алтернативи нема да бидат земени предвид, освен ако тоа не е посебно **дозволено во ЛПП.**

13.2 Кога е нагласено дека се бараат и алтернативни термини за завршување на работите, таков формулар ќе биде **вклучен во ЛПП** заедно со методот според кој ќе се врши

проценката на различните времиња за завршување на работите.

13.3 Доколку тоа е **наведено во ЛПП** и во согласност со ИП 13.4 подолу, Понудувачите кои сакаат да достават техничка алтернатива на условите наведени во тендерската документација мора прво да наведат цени за нацртот на Работодавачот како што е прикажан во тендерската документација и потоа да достават дополнителни информации за целосна проценка на алтернативата од страна на Работодавачот, вклучувајќи цртежи, пресметки, технички спецификации, пресек на цени, предложена методологија за конструкцијата како и останати важни детали. Само оние технички алтернативи кои се на Понудувачот со најниска цена, доколку ги има, и се во согласност со основните технички услови ќе бидат земени во предвид од страна на Работодавачот.

13.4 Доколку тоа е **наведено во ЛПП**, Понудувачите може да поднесат алтернативни технички решенија за одредени делови од Работите. Тие делови ќе бидат **утврдени во ЛПП** и ќе бидат опишани во Дел VII (Услови на Работодавачот). Методот за проценка ќе биде наведен во Дел III (Критериуми за евалуација и квалификација).

**14. Цени во понудата и попусти**

14.1 Цените и попустите (вклучувајќи го секое намалување на цената) кои се назначени од страна на Понудувачот во Писмото со понудата и распоредите ќе бидат во согласност со барањата кои се назначени подолу.

14.2 Понудувачот ќе поднесе Понуда за сите работи кои се опишани во ИП 1.1 така што ќе ги пополни цените за сите делови од Работата утврдени во Дел IV, Обрасци на понудата. Во случај на договор со предмер-пресметка, Понудувачот ќе ги пополни стапките и цените за сите делови од Работата опишани во Предмерот. За оние делови за кои Понудувачот нема да стави стапки и цени тој нема да биде исплатен од Работодавачот кога тие ќе бидат извршени, зашто ќе се смета дека тие се вклучени во други стапки и цени од Предмерот.

14.3 Цената наведена во Писмото со понудата во согласност со ИП 12.1, ќе биде целосната цена на Понудата и таа нема да ги вклучува понудените попусти.

14.4 Безусловните попусти, доколку постојат, како и принципот врз основа на кој тие ќе се применуваат ќе бидат назначени во Писмото со понудата во согласност со ИП 12.1.

14.5 Освен доколку не е поинаку **наведено во ЛПП** и Условите од договорот, цените кои ќе ги наведе Понудувачот ќе бидат фиксни. Доколку цените кои ќе ги наведе

Понудувачот се предмет на промени во текот на извршувањето на Договорот во согласност со одредбите од Условите на договорот, Понудувачот ќе ја приложи формулата според која ги направил промените на цените во табелите со податоци за прилагодување на цените од Дел IV (Обрасци на понудата) и Работодавачот може да побара од Понудувачот да ја оправда промената на цените.

14.6 Доколку така е назначено во ИП 1.1, поканата за прибирање понуди важи за поединечни договори или за комбинација од договори (пакети). Понудувачите кои сакат да понудат попуст во случај на добивање на повеќе од еден Договор, во својата Понуда ќе го назначат попустот којшто важи за секој пакет или за поединечните Договори во рамките на пакетот. Намалувањата на цените или попустите ќе бидат во согласност со ИП 14.4, под услов да бидат поднесени понуди за сите договори и тие да се отворат во ист момент.

14.7 Сите даноци, обврски и други давачки кои треба да ги плати Изведувачот според Договорот или поради која било друга причина, до 28 дена пред крајниот рок за поднесување на понуди, ќе бидат вклучени во стапките, цените[2] и вкупната цена на Понудата поднесена од Понудувачот.

**15. Валути на понудата и плаќање**

15.1 Валутата (валутите) во понудата ќе бидат во согласност со тоа што е **прецизирано во ЛПП.**

15.2 Работодавачот може да побара од Понудувачите да ги појаснат нивните барања во врска со домашните и странските валути и да докажат дека сумите назначени во цените се прикажани во соодветните обрасци за Распоредот со податоци за корекција [3], во којшто случај Понудувачите ќе приложат детален приказ на барањата за странска валута.

**16. Документи од кои се состои техничката понуда**

16.1 Понудувачот ќе приложи техничка понуда во која ќе биде вклучена методологијата на работа, опремата, стручниот кадар, распоредот и сите други информации кои се наведени во Дел IV (Обрасци на понудата) доволно темелно за да може да се утврди дали понудата на Понудувачот е адекватна за да ги исполни работните задачи и времето на завршување.

**17. Документи со кои се утврдуваат**

17.1 За да може да се утврдат квалификациите на Понудувачот за извршување на Договорот во согласност со Дел III (Критериуми за евалуација и квалификација), Понудувачот

---

[2] „ Во паушалните договори, избришете „стапки и цени и.“

[3] За паушалните договори, избришете „единчните стапки и цени и претставени во Распоредот со податоци за корекција се разумни“ и заменете ги со „паушална цена“.

**квалификациите на понудувачот**

ќе ги поднесе сите информации кои се наведени во соодветните обрасци од Дел IV (Обрасци на понудата).

17.2 Ако се примени Маргина на предност како што е наведено според ИП 33.1, домашните понудувачи кои индивидуално или како дел заедничко вложување ќе се пријават за прифатливост за домашна предност треба да ги достават сите информации кои се потребни за да се исполнат тие критериуми за прифатливост како што е назначено според ИП 33.1.

**18. Период на валидност на понудата**

18.1 Понудите ќе бидат валидни во текот на периодот **прецизиран во ЛПП,** после крајниот рок за поднесување на понуди утврден од страна на Работодавачот во согласност со ИП 22.1. Понудите кои ќе бидат валидни во текот на пократок период ќе бидат одбиени од страна на Работодавачот како Понуди кои не одговараат.

18.2 Во исклучителни случаи, Работодавачот може да побара понудувачите да го продолжат периодот на валидност на понудите пред истекот на истиот. Барањето и одговорите на понудувачите треба да бидат направени во писмена форма. Доколку се бара Гаранција за понудата во согласност со ИП 19, истата треба да биде продолжена за дваесет и осум (28) дена за рокот за кој се продолжува и Понудата. Еден Понудувач може да го одбие барањето без да го изгуби правото над гаранцијата за Понуда. Понудувачите коишто ќе го прифатат барањето нема да треба и нема да смеат да вршат измени на понудата, освен како што е одредено во ИП 18.3.

18.3 Во случај на договори во кои цената на Договорот е фиксна доколку периодот на валидност на понудата е продолжен за повеќе од 56 дена по истекувањето на гаранцијата на првичната понуда, цената од Договорот

(а) Во случај на договори со фиксна цена, цената на Договорот треба да биде цената на понудата коригирана со факторот одреден во ЛПП.

(б) Во случај на договори со прилагодливи цени, нема да се вршат никакви корекции.

(в) Евалуацијата на понудата ќе се базира на Цената на понудата без да се земе во предвид погоре дадената корекција.

**19. Гаранција на понудата**

19.1 Доколку не е поинаку **наведено во ЛПП,** како дел од својата Понуда Понудувачот ќе достави во оригинална форма Изјава која ја гарантира понудата или гаранција за понудата како што е **наведено во ЛПП**. При доставувањето на гаранција за понудата, износот ќе биде во согласност со **наведеното во ЛПП.**

19.2 За Изјавата која ја гарантира понудата ќе се користи образецот којшто е дел од Дел IV Обрасци на Понудата.

19.3 Доколку е потребно да се достави гаранција за понудата во согласност со ИП 19.1, гаранцијата за понудата може да биде во една од следните форми, во зависност од Понудувачот:

(а) Безусловна гаранција издадена од страна на банка или финансиска институција (како што се осигурителна компанија, компанија за обврзници или гаранции);

(б) Неповратно кредитно писмо;

(в) банкарски или сертифициран чек; или

(г) некој друг вид на гаранција **наведен во ЛПП.**

издадени од реномирана институција од квалификувана држава. Доколку институцијата која ја издава гаранцијата е лоцирана надвор од Државата на Работодавачот, таа ќе има соодветна финансиска институција лоцирана во Државата на Работодавачот. Доколку станува збор за банкарска гаранција, гаранцијата на понудата ќе биде поднесена како Образец за гаранција на понудата кој се наоѓа во Дел IV (Обрасци од Понудата) или друг сличен образец којшто е одобрен од страна на Работодавачот пред поднесувањето на понудите. Во обата случаи, обрасците мора да го содржат целосното име на Понудувачот. Гаранцијата на понудата ќе остане валидна во период од дваесет и осум (28) дена после периодот на валидност на понудите или одреденото продолжување одредено во согласност со ИП 18.2.

19.4 Секоја Понуда која не содржи соодветна Гаранција на понуда или Изјава која ја гарантира понудата во согласност со ИП 19.1 ќе биде одбиена од Работодавачот како Понуда која не одговара.

19.5 Доколку гаранцијата на понудата е во согласност со ИП 19.1, гаранцијата на понудата на неуспешните Понудувачи ќе бидат вратени колку што е можно побрзо по успешното потпишување на договорот од Понудувачот и обезбедување на сигурност во работењето и доколку е наведено во ЛПП, Гаранција за извршување на договорот за Аспектите на животната средина, социјалните аспекти, здравјето и безбедност (ЖССАЗБ) во согласност со ИП 42.

19.6 Гаранцијата на понудата на успешниот Понудувач ќе биде вратена колку што е можно побрзо откако успешниот Понудувач ќе го потпише Договорот и ќе достави гаранцијата за изведба како што е наведено во ЛПП, Гаранција за извршување на договорот за Аспектите на

животната средина, социјалните аспекти, здравјето и безбедност (ЖССАЗБ).

19.7 Може да се изгуби право над Гаранцијата за понудата или Изјавата да биде извршена доколку:

(а) Понудувачот ја повлече својата понуда во текот на периодот на валидност на понудата прецизиран од страна на Понудувачот во Писмото со понудата, освен ако не е поинаку наведено; или

(б) доколку успешниот Понудувач не успее да:

(i) го потпише Договорот во согласност со ИП 41; или

(ii) Ја достави бараната гаранција за извршување на договорот во согласност со ЛПП, Гаранција за извршување на договорот за Аспектите на животната средина, социјалните аспекти, здравјето и безбедност (ЖССАЗБ) во согласност со ИП 42.

19.8 Гаранцијата за Понуда или Изјавата која ја гарантира понудата на Конзорциумот мора да биде во име на Конзорциумот кој ја поднесува понудата. Доколку Конзорциумот не е законски составен во време на поднесување на понудите, Гаранцијата за понуда или Изјавата која ја гарантира понудата ќе бидат во име на сите идни партнери кои се наведени во писмото за намера споменато во ИП 4.1 и ИП 11.2.

19.9 Доколку **според ЛПП** не се бара гаранција за понудата, и

(а) доколку Понудувачот ја повлече својата понуда за време на рокот на валидност на понудата наведен од страна на Понудувачот во Образецот со писмото, или

(б) доколку успешниот Понудувач не успее да: го потпише Договорот во согласност со ИП 41; или да обезбеди Гаранција за извршување на договорот и како што е наведено во ЛПП, Гаранција за извршување на договорот за Аспектите на животната средина, социјалните аспекти, здравјето и безбедност (ЖССАЗБ) во согласност со ИП 42;

Заемопримачот може, **доколку тоа е дозволено во ЛПП,** да го дисквалификува Понудувачот за доделување на Договорот од страна на Работодавачот за временски период **наведен во ЛПП**.

**20. Формат и потпишување на понудата**

20.1 Понудувачот ќе изготви еден оригинал од документите кои ја сочинуваат Понудата според опишаното во ИП 11 кој ќе биде јасно обележан како „ОРИГИНАЛ”. Алтернативните понуди, доколку се дозволени во согласност со ИП 13 ќе

бидат јасно обележани како „АЛТЕРНАТИВНИ”. Дополнително, Понудувачот ќе поднесе копии од Понудите, во број **прецизиран во ЛПП** и јасно ќе ги обележи како „КОПИИ”. Во случај на несовпаѓање помеѓу нив, валиден е оригиналот.

20.2 Оригиналот и сите копии од Понудата ќе бидат испечатени или напишани со трајно мастило и ќе бидат потпишани од лицето овластено да потпишува во име на Понудувачот. Овластувањето ќе се состои од писмена потврда во согласност со **наведеното во ЛПП** и таа ќе биде во прилог на Понудата. Името и позицијата на потписниците на потврдата треба да е испечатено под потписот. Сите страници од понудата каде што се внесени записи или измени и дополни треба да ги потпише или парафира лицето што ја потпишува понудата.

20.3 Во случај каде што Понудувач е ЗВ, понудата треба да ја потпише овластен претставник на ЗВ во име на ЗВ, и со цел да биде правно обврзувачка за сите членови, со што се потврдува полномошното потпишано од нивните законски овластени претставници.

20.4 Било какви поправки како што се дополнувања, испуштања или препишувања ќе бидат валидни доколку се потпишани или стојат иницијалите на лицето кое ја потпишува Понудата.

## Г. Поднесување и отворање на понудите

**21. Ставање печат и обележување на понудите**

21.1 Понудувачите кои ќе ги поднесат своите понуди преку пошта или лично треба да ги запечатат оригиналот и секоја копија од понудата вклучувајќи ги и алтернативните понуди, доколку истите се дозволени во согласност со ИП 13, во посебни затворени коверти коишто треба соодветно да бидат обележани како „ОРИГИНАЛ“, „АЛТЕРНАТИВНА“ и „КОПИЈА“. Ковертите со оригиналот и копиите заедно ќе бидат ставени во еден коверт.

21.2 Внатрешните и надворешните коверти треба:

(а) да го носат името и адресата на Понудувачот;

(б) да бидат адресирани до Работодавачот како што е **наведено** во **ЛПП,** во согласност со ИП 22.1;

(в) да го носат специфичниот идентификациски број на тендерот во согласност со ЛПП 1.1; и

(г) да имаат напишано предупредување да не се отвораат пред прецизираното време за отворање на Понудите.

21.3 Доколку сите коверти не се запечатени и не се обележани според горенаведеното, Работодавачот нема да сноси одговорност за губење или предвремено отворање на Понудата.

**22. Краен рок за поднесување понуди**

22.1 Понудите ќе бидат доставени во Работодавачот на адресата прецизирана погоре, не подоцна од времето и датумот **прецизирани во ЛПП.** Ако е **прецизирано во ЛПП**, понудувачите ќе имаат можност да ги поднесат понудите електронски. Понудувачите кои ги поднесуваат своите понуди електронски ќе ги следат процедурите за електронско поднесување на понуди **прецизирани во ЛПП.**

22.2 Работодавачот може да го продолжи крајниот рок за доставување понуди преку издавање на амандман во согласност со ИП 8, во кој случај сите права и должности на Работодавачот и Понудувачите кои претходно важеле за оригиналниот краен рок ќе важат за новиот краен рок.

**23. Задоцнети понуди**

23.1 Работодавачот нема да ги земе во предвид Понудите кои ќе пристигнат после крајниот рок за поднесување понуди во согласност со ИП 22. Секоја Понуда која Работодавачот ќе ја добие после крајниот рок за поднесување на понуди ќе се прогласи за задоцнета и како таква ќе биде одбиена и неотворена ќе се врати до Понудувачот.

**24. Повлекување, замена и модификација на понуди**

24.1 Понудувачите можат да ги повлечат, заменат или модифицираат нивните Понуди преку писмено известување кое ќе биде потпишано од овластено лице, притоа вклучувајќи ја и копијата од овластувањето во согласност со ИП 20.2 (не е потребна копија од известувањето за повлекување на понудата). Во прилог на писменото известувањето треба да биде и соодветната замена или модификација на понудата. Известувањата треба да бидат:

(а) изготвени и испорачани во согласност со ИП 20 и 21 (не е потребна копија од известувањето за повлекување на понудата) и соодветните коверти треба јасно да бидат обележани со „ПОВЛЕКУВАЊЕ”, „ЗАМЕНА”, „МОДИФИКАЦИЈА;” и

(б) примени од страна на Работодавачот пред истекот на крајниот рок за поднесување на понуди во согласност со ИП 22.

24.2 Понудите за кои ќе се поднесе известување за повлекување во согласност со ИП 24.1 ќе му бидат вратени на Понудувачот неотворени.

24.3 Понудите не може да бидат повлечени, заменети или модифицирани во периодот помеѓу крајниот рок за поднесување на понудите и истекувањето на периодот на валидност на Понудите прецизиран од страна на Понудувачот во Писмото со понудата.

**25. Отворање на понуди**

25.1 Освен во случаите одредени во ИП 23 и 24, Работодавачот треба да изврши јавно отворање и читање во согласност со ИП 25.3 на сите понуди добиени до крајниот рок, на датумот, времето и местото **прецизирани во ЛПП**, во присуство на назначени претставници на Понудувачите и сите оние кои одлучиле да присуствуваат. Во случај да се одобри електронско наддавање, сите потребни постапки за отворање на електронските понуди треба да се во согласност со ИП 22.1 и треба да се **во согласност со одредбите во ЛПП.**

25.2 Ковертите обележани со „ПОВЛЕКУВАЊЕ" први ќе бидат отворени и прочитани, а ковертите со нивните понуди нема да бидат отворени, туку ќе бидат вратени до Понудувачот. Нема да се дозволи повлекување на оние понуди за кои не постои адекватно овластување со известувањето за повлекување на понудата кое ќе се прочита при отворањето на понудите. Потоа ќе бидат отворени и прочитани ковертите обележани со „ЗАМЕНА" и истите ќе служат како замена за соодветните понуди, а заменетите понуди нема да бидат отворени и истите ќе му се вратат на Понудувачот. Не е дозволена замена на понудите освен ако соодветното известување за замена содржи валидно овластување за барање на замена и се прочита за време на отворањето на понудите. Ковертите означени со „МОДИФИКАЦИЈА" треба да се отворат и прочитаат со соодветната понуда. Не се дозволени никакви модификации на понудите освен ако соодветното известување за замена содржи валидно овластување за барање на модификација и се прочита за време на отворањето на понудите. Само ковертите што ќе се отворат и прочитаат при отворањето на понудите ќе можат да се разгледуваат понатаму.

25.3 Сите останати коверти ќе се отвораат еден по еден при што ќе се читаат: имињата на Понудувачите и цените на Понудите вклучувајќи ги сите попусти или алтернативни понуди и потенцирајќи доколку постои модификација; присуство на гаранција за понуда или Изјава за гарантирање на понуда, доколку е потребно; и сите други детали кои Работодавачот ги смета за важни. Само оние

попусти и алтернативни понуди кои ќе бидат прочитани на отворањето на понудите ќе бидат земени во предвид за понатамошно разгледување. Писмото за понуда и Предмер пресметката треба да ги парафираат претставниците на Работодавачот кои присуствуваат на отворањето на понудите на начин **прецизиран во ЛПП**. Работодавачот не смее да дискутира за основаноста на која било понуда, ниту пак да одбие некоја понуда (освен задоцнетите понуди, во согласност со ИП 23.1).

25.4 Работодавачот ќе изготви записник за отворањето на понудите, вклучувајќи ги најмалку следните информации: името на понудувачот и дали постои повлекување, заменување или модификација; Цената на Понудата според Договорот вклучувајќи ги и попустите и алтернативните понуди; присуство или отсуство на гаранција за понудата доколку истата била побарана. Присутните претставници на Понудувачите ќе го потпишат записникот. Доколку некој претставник на Понудувачите не го потпише записникот, содржината и стапувањето во сила на записникот остануваат валидни. Копија од записникот ќе биде доставена до Понудувачите.

## Д. Евалуација и споредба на понуди

**26. Доверливост**

26.1 Информациите кои се поврзани со прегледувањето, евалуацијата, споредбата и постквалификацијата на понудите и предлозите за доделување на договор нема да бидат соопштени пред Понудувачите или кои било други луѓе кои не се официјално поврзани со таквиот процес сѐ додека објавата за доделување договор не се достави до сите Понудувачи во согласност со ИП 40.

26.2 Секој обид од страна на Понудувачот да влијае врз Работодавачот во текот на процесот на проценка на Понудите или врз одлуката за доделување на Договорот може да резултира во одбивање на таа Понуда.

26.3 Без оглед на ИП 26.2, од времето на отворање на понудите до доделувањето на Договорот, доколку кој било Понудувач сака да контактира со Работодавачот за било каква работа поврзана со тендерскиот процес, тоа треба да го направи во писмена форма.

**27. Појаснување на понуди**

27.1 За да се помогне во прегледувањето, евалуацијата, споредбата и квалификацијата на Понудувачите, Работодавачот може, на сопствена дискреција, да побара од Понудувачот појаснување на Понудата. Доколку појаснувањата кои Понудувачот ќе ги поднесе не претставуваат одговор на барање од страна на Работодавачот, тие нема да бидат земени во предвид.

Барањето за појаснување и одговорот треба да бидат во писмена форма. Нема да се бара, нуди или дозволи измена на цената или замена на Понудата освен ако тоа не се бара за да се потврди поправка на аритметички грешки откриени од страна на Работодавачот при евалуацијата на понудите во согласност со ИП 31.

27.2 Доколку Понудувачот не достави појаснување на својата понуда до датумот и времето назначени во барањето за појаснување на Работодавачот, неговата понуда може да биде одбиена.

**28. Девијации, ограничувања и пропусти**

28.1 Во текот на проценката на понудите ќе важат следните дефиниции:

(а) „Девијација“ е отстапка од условите прецизирани во тендерската документација;

(б) „Ограничување“ е поставување на ограничувања или нецелосно прифаќање на условите прецизирани во тендерската документација; и

(в) „Пропуст“е неподнесување на дел или на целосните информации или документи прецизирани во тендерската документација.

**29. Утврдување на соодветност**

29.1 Утврдувањето на соодветноста на понудата Работодавачот ќе ја направи врз основа на содржината на понудата според назнаките во ИП 11.

29.2 Суштински соодветна е онаа Понуда која е усогласена со сите барања од тендерската документација, без материјална девијација, ограничувања или пропусти. Материјални девијации, ограничувања или пропусти се оние кои,

(а) доколку бидат прифатени:

(i) кои на значителен начин влијаат врз обемот, квалитетот или изведбата на Работите наведени во Договорот; или

(ii) кои на некој начин, недоследен на тендерската документација, ги ограничува правата на Работодавачот или должностите на Понудувачот утврдени со Договорот; или

(б) чие поправање неправедно ќе влијае врз конкурентската позиција на другите понудувачи кои имаат соодветни понуди.

29.3 Работодавачот ќе ги испита техничките аспекти на понудите поднесени во согласност со ИП 16, посебно на Техничката понуда, за да утврди дали се исполнети сите

барања од Дел VI (Услови на работодавачот) без било какви материјални девијации, ограничувања или пропусти.

29.4 Доколку Понудата е суштински несоодветна во однос на условите од Тендерската документација, истата ќе биде одбиена од страна на Работодавачот и не може да биде направена соодветна преку корекции на материјалните девијации, ограничувања или пропусти.

**30. Несогласувања, грешки и недостатоци**

30.1 Доколку Понудата е значително соодветна, Работодавачот може да се откаже од било какви несогласувања во Понудата.

30.2 Доколку Понудата е значително соодветна, Работодавачот може да побара од Понудувачот да ги поднесе потребните информации или документација во разумен временски период, со цел да ги поправи нематеријалните несогласувања во Понудата поврзани со условите од документацијата. Тоа нема да биде поврзано со ниеден аспект на цената на Понудата. Неможноста на Понудувачот да го исполни барањето може да резултира со одбивање на Понудата.

30.3 Под услов понудата да е значително соодветна, Работодавачот ќе ги поправат квантитативните нематеријални несогласувања во врска со Цената на понудата. За таа цел, Цената на понудата може да се приспособи, само за споредба, за да ја одрази цената на компонента која недостасува или е неусогласена. Прилагодувањето ќе се изврши со користење на методи наведени во Дел III (Критериуми за евалуација и квалификација).

**31. Поправање на аритметички грешки**

31.1 Доколку Понудите се суштински соодветни, Работодавачот ќе ги поправи аритметичките грешки според следното:

(а) само кај договорите со единечни цени доколку има разлика помеѓу единечната цена и вкупната сума добиена преку помножување на единечната цена и количината, дадената единечна цена ќе преовладува, а вкупната сума ќе биде поправена освен ако според Работодавачот постои очигледно грешно запишана децимална запирка кај единечната цена, во којшто случај ќе преовладува вкупната сума, а единечната цена ќе биде поправена;

(б) доколку има грешка кај вкупната сума која е резултат на собирање или одземање на меѓу-износи ќе преовладуваат сумите назначени во меѓу-износите, а вкупната сума ќе биде поправена; и

(в) доколку има разлика помеѓу сумите изразени со бројки и со зборови ќе преовладуваат сумите напишани со зборови,

освен кога сумите изразени со зборови се резултат на аритметичка грешка во којшто случај ќе преовладува сумата изразена со бројки во согласност со (а) и (б) погоре.

31.2 Од Понудувачите треба да се побара да ги прифатат корекциите на аритметичките грешки. Ако не се прифати исправката во согласност со ИП 31.1, понудата треба да се одбие.

**32. Конвертирање во единствена валута**

32.1 Поради евалуација и споредба, валутата(ите) во понудата ќе бидат конвертирани во единствена валута **наведена во ЛПП.**

**33. Повластување за домашни понудувачи**

33.1 Нема да има повластување за домашните понудувачи[4], **освен ако тоа не е наведено во ЛПП.**

**34. Подизведувачи**

34.1 Доколку не е поинаку наведено во ЛПП, Работодавачот нема намера да изврши какви било специфични елементи од Работите од страна на подизведувачи кои се однапред избрани од страна на Работодавачот.

34.2 Работодавачот може да дозволи подизведување за одредени специјализирани работи како што е наведено во Дел III. Кога Работодавачот ќе одобри подизведување, искуството на специјализираниот подизведувач треба да подлежи на евалуација. Дел III ги опишува критериумите за квалификации на подизведувачите.

34.3 Понудувачите можат да предложат подизведување до процентот на вкупната вредност на договорите или обемот на работите како што е **прецизирано во ЛПП**.

**35. Евалуација на понуди**

35.1 Работодавачот треба да ги применува критериумите и методологиите наведени во оваа Клаузула. Не треба да се дозволат никакви други критериуми за евалуација ниту методологии.

35.2 За да евалуира понуда, Работодавачот треба да го земе предвид следното:

а) цената на понудата, со исклучок на Суми за непредвидени расходи и провизијата, ако има, за

---

[4] Поединечна фирма се смета за домашен понудувач за целите на маргината на предност ако е регистрирана во земјата на Работодавачот, има повеќе од 50% сопственост од државјаните на земјата на Работодавачот и ако не подизведува повеќе од 10% од договорната цена, со исклучок на суми за непредвидени расходи, на странски изведувачи. ЗВ се сметаат за домашни понудувачи и се прифатливи за домашна предност само ако поединечните фирми-членки се регистрирани во земјата на Работодавачот или имаат повеќе од 50% сопственост од државјани на земјата на Работодавачот и ЗВ треба да е регистрирано во земјата на Заемопримачот. ЗВ не смее да подизведува повеќе од 10 % од договорната цена, со исклучок на суми за непредвидени расходи, за странски фирми. ЗВ меѓу странски и национални фирми нема да бидат прифатливи за домашна предност.

непредвидени трошоци во Краткиот преглед на Предмер-пресметката[5] за договори за реално извршени работи, но вклучувајќи ставки за Дневна работа[6], каде што цените се конкурентни;

(б) прилагодување на цената за корекција на аритметичките грешки во согласност со ИП 31.1;

(в) соодветни корекции на цените поради попусти понудени во согласност со ИП 14.4;

(г) конвертирање на сумата со примена на (а) и (в) погоре, доколку тоа важи, во единечна валута во согласност со ИП 32;

(д) прилагодување на неусогласеноста во согласност со ИП 30.3;

(ѓ) примена на сите фактори за проценка назначени во Дел III (Критериуми за евалуација и квалификација);

35.3 Проценетото влијание на сите услови за усогласување на цените според Условите од Договорот во текот на периодот на спроведување на Договорот нема да биде земено во предвид при евалуацијата на понудата.

35.4 Доколку оваа Тендерска документација им дозволува на Понудувачите да наведат одделни цени за различни договори и доколку може да се доделат повеќе договори на еден Понудувач, методологијата за да се утврди најниската цена на договорната комбинација, вклучувајќи какви било попусти понудени во писмото со понудата е наведена во Дел III (Критериуми за евалуација и квалификација).

35.5 Доколку понудата за договор со предмер-пресметка што резултира во Понуда со најниска цена е сериозно неурамнотежена, со значително висока или ниска цена според мислењето на Работодавачот, Работодавачот може да побара од Понудувачот да достави детален приказ на цената за одредени или за сите позиции од Предмерот, за да се прикаже внатрешна конзистентност на тие цени со градежните методи и предложениот распоред. По оценката на цената, земајќи ги во предвид распоредот на исплатите

---

[5] Во Паушални договори, избришете „Предмер пресметка“ и заменете со „Распоред на активности“.

[6] Дневна работа е работата што се извршува според инструкциите на Директорот на проектот и се плаќа врз основа на времето што го потрошиле работниците, како и потрошувачката на материјали и опремата на Изведувачот, по стапки наведени во понудата. За да се одреди конкурентно цената на Дневната работа за целите на евалуација на Понудата, Работодавачот мора да наведе провизорни количества за одделни ставки да се пресметаат за Дневната ребота (пр. дреден број работни денови за возач на ттрактор, или специфична тонажа на Портланд цемент), кои ќе се помножат со наведените цени на понудувачот и ќе се вклучат во вкупната цена на Понудата.

на договорот, Работодавачот може да побара зголемување на износот на Гаранцијата за извршување на договорот на сметка на Понудувачот до ниво доволно за да се заштити Работодавачот од финансиска загуба во случај на неисполнување на обврските на успешниот понудувач според Договорот.

**36. Споредба на понуди**

36.1 Работодавачот ќе ги споредува оние понуди кои се потврдени за суштински соодветни во согласност со ИП 35.2 за да ја утврди понудата со најниска цена.

**37. Квалификации на понудувачот**

37.1 Работодавачот треба да утврди дали Понудувачот кој е избран бидејќи ја поднел понудата која значително одговора и е со најниска цена ги исполнува критериумите наведени во Дел III (Критериуми за евалуација и квалификација).

37.2 Утврдувањето ќе се направи врз основа на испитувањето на документите за квалификација на Понудувачот кои тој ги поднел во согласност со ИП 17.1.

37.3 Потврдно утврдување на квалификациите ќе биде предуслов за доделување на Договорот на Понудувачот. Негативна определба ќе резултира со дисквалификација на понудата при што Работодавачот ќе премине на следната понуда со најниска цена за да направи слично утврдување на квалификациите на тој Понудувач за извршување на договорот на задоволително ниво.

**38. Право на работодавачот да прифати или одбие било која понуда или да ги одбие сите понуди**

38.1 Работодавачот има право да прифати или одбие било која понуда, да ја поништи тендерската процедура и да ги одбие сите понуди во било кој момент пред доделувањето на договорот, без да сноси било каква одговорност во однос на Понудувачите. Во случај на поништување, сите поднесени понуди, посебно гаранциите на понудите ќе им бидат вратени на Понудувачите.

## Ѓ. Доделување на договор

**39. Критериуми за доделување**

39.1 Во согласност со ИП 37.1, Работодавачот ќе го додели Договорот на Понудувачот чија Понуда претставува понуда со најниска цена и која е суштински соодветна на Тендерската документација доколку Понудувачот е квалификуван задоволително да го изврши договорот.

**40. Известување за доделување на договорот**

40.1 Пред истекувањето на Периодот на валидност на понудата, Работодавачот писмено ќе го извести Понудувачот чија понуда била прифатена со испраќање на Писмо за прифаќање кое е дел од Обрасците од договорот. Исто така Работодавачот ќе ги извести сите останати Понудувачи за резултатите од постапката и ќе ги објави резултатите на

UNDB и идентификувајќи ја понудата и броевите и следните информации:

(i) име на секој понудувач кој поднел понуда;

(ii) цени на понудите како што биле прочитани на отворањето на понудите;

(iii) име и евалуирани цени на секоја понуда која била евалуирана;

(iv) име на понудувачите чии понуди биле одбиени и причините за нивно одбивање; и

(v) име на понудувачот кој победил и цената која ја понудил, како и времетраењето и краток опис на доделениот договор.

40.2 Се до подготовката и извршувањето на официјалниот договор, известувањето за доделување на договорот ќе претставува законски важечки Договор.

40.3 Работодавачот навреме писмено ќе им одговори на сите неуспешни Понудувачи кои после објавувањето на доделувањето на договорот, во согласност со ИП 40.1, писмено бараат од Работодавачот да им објасни зошто нивната понуда не била одобрена.

**41. Потпишување на договорот**

41.1 После известувањето, Работодавачот ќе му го испрати Договорот на успешниот Понудувач.

41.2 Во рок од дваесет и осум (28) дена од добивањето на Договорот, успешниот Понудувач треба да го потпише, архивира и врати договорот до Работодавачот.

**42. Гаранција за извршување на договорот**

42.1 Во рок од дваесет и осум (28) дена после добивањето на известувањето од Работодавачот за доделување на договорот, успешниот Понудувач ќе достави гаранција за извршување на договорот, и доколку е наведено во ЛПП, гаранција за извршување на договорот за Аспектите на животната средина, социјалните аспекти, здравјето и безбедност (ЖССАЗБ) во согласност со условите наведени во договорот, предмет на ИП 35.5, користејќи ги Обрасците за Гаранција за извршување на договорот и Гаранција за извршување на договорот за Аспектите на животната средина, социјалните аспекти, здравјето и безбедност (ЖССАЗБ) вклучени во Дел X Обрасци од договорот или некој друг образец кој ќе биде прифатлив за Работодавачот. Доколку успешниот Понудувач достави Гаранција за извршување на договорот во форма на обврзница, таа ќе биде издадена од осигурителна компанија или друга финансиска институција која Понудувачот утврдил дека е прифатлива за Работодавачот. Доколку обврзницата ја издава странска институција, таа ќе има соодветна финансиска институција лоцирана во државата на Работодавачот.

42.2 Доколку успешниот Понудувач не успее да ја достави горенаведената Гаранција за извршување на договорот, и доколку е наведено во ЛПП, Гаранција за извршување на договорот за Аспектите на животната средина, социјалните аспекти, здравјето и безбедност (ЖССАЗБ) или не го потпише Договорот, тоа ќе претставува доволна основа за поништување на доделувањето на договорот и одземање на гаранцијата на понудата. Во тој случај, Работодавецот може да го додели договор на вториот Понудувач со најниска цена чијашто Понуда е суштински соодветна и за којшто Работодавачот утврдил дека е квалификуван задоволително да го изврши договорот.

**43. Пресудувач**

43.1 Работодавачот го предлага лицето **наведено во ЛПП** за назначен Пресудувач во согласност со Договорот, со хонорар по час според **утврденото во ЛПП,** плус надоместливите трошоци. Во случај Понудувачот да не се согласува со овој предлог, тоа треба да го наведе во својата Понуда. Доколку во Писмото за прифаќање Работодавачот не се согласил со именувањето на Пресудувачот, тој ќе побара од Надлежната институција за именување назначена според Посебните услови од договорот (ПУД) и во согласност со клаузулата 23.1 од Општите услови од договорот (ОУД) да го назначи Пресудувачот.

# Дел II – Листа со податоци за понудување (ЛПП)

## А. Вовед

| | |
|---|---|
| **ИП 1.1** | Број на повик за доставување на понуди:<br>**LRCP-1/18-SG-31-NCB/1**<br>Работодавач е: **Кабинет на Заменик Претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори/Општина Карпош** |
| **ИП 1.1** | Име на тендерската постапка е:<br>**НАЦИОНАЛНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**<br><br>Идентификационен број на набавката: **LRCP-1/18-SG-31-NCB/1** |
| **ИП 2.1** | Позајмувач е: **Република Северна Македонија** |
| **ИП 2.1** | Име на Проектот е: **Проект за локална и регионална конкурентност (ПЛРК)** |
| **ИП 2.1** | Износ на договор за Грант: **15.760.000,00 EUR** |
| **ИП 4.1** | Максималниот број на страни во ЗВ може да биде:<br>**3 (три)** |
| **ИП 4.4** | Листа на дисквалификувани фирми и лица за учество во проектите на Светска банка е достапна на http://www.worldbank.org/debarr |

## Б. Тендерска документација

| | |
|---|---|
| **ИП 7.1** | Во случај на **<u>потреба за разјаснување</u>** адресата на Работодавачот е:<br><br>Проект за локална и регионална конкуретност<br>За: Оливера Кржовска<br>Мирослав Крлежа 60/1, 1000 Скопје<br>Телефон: +389 2 3253 818<br>Електронска адреса: olivera.krzhovska@lrcp.org.mk/<br><br>Барањата за појаснување треба да се достават до Работодавачот: **не подоцна од 14 дена пред крајниот рок за доставување на понудите.** |
| **ИП 7.1** | Интернет страница: www.lrcp.mk |
| **ИП 7.4** | Состанокот пред поднесувањето на понудите **нема да се одржи**. |

| | |
|---|---|
| | Посета на локацијата организирана од страна на Работодавачот нема да се одржи. |

**В. Изготвување на понуди**

| | |
|---|---|
| **ИП 10.1** | Јазикот на понудата е: **Македонски јазик**.<br>Целосната коресподенција ќе биде на: **Македонски јазик**.<br>Јазикот на којшто може да се преведат придружните документи и испечатената литература е наведен погоре. |
| **ИП 11.1 (б)** | Следните распореди ќе бидат поднесени заедно со понудата:<br>(a) Писмо со понуда;<br>(b) Пополнети распореди во согласност со ИП 12 и 14 или како што е назначено во ЛПП;<br>(c) Гаранција за понудата;<br>(d) Писмена потврда со која се овластува потписникот на Понудата како претставник на Понудувачот во согласност со ИП 20.2;<br>(e) документиран доказ во согласност со ИП 17 со кој се утврдуваат квалификациите на Понудувачот за исполнување на договорот;<br>(f) Техничка понуда во согласност со ИП 16;<br>(g) Во случај кога понудата ја поднесува заедничко вложување (ЗВ), договор за формирање на ЗВ или писмо со намерата за формирање на ЗВ, вклучувајќи и нацрт договор во кој ќе бидат назначени деловите од работата кои ќе бидат извршени од страна на партнерите во ЗВ; |
| **ИП 11.1 (i)** | Понудувачот со понудата ќе ги поднесе и следните документи:<br>**нема примена** |
| **ИП 13.1** | Нема да бидат дозволени алтернативни понуди. |
| **ИП 13.2** | Нема да биде дозволено алтернативно време за извршување на работите. |
| **ИП 13.4** | Алтернативни технички решенија нема да бидат дозволени |
| **ИП 14.5** | Цените назначени од страна на Понудувачот **нема да бидат** изменети во текот на извршувањето на Договорот. |
| **ИП 15.1** | Понудувачот цените ќе ги наведе во: **Македонски денари.** |

| | |
|---|---|
| **ИП 18.1** | Рокот на важење на понудата ќе биде: **120 дена.** |
| **ИП 18.3 (а)** | Цената на договорот ќе се адаптира согласно следниот фактор: **нема примена** |
| **ИП 19.1** | Потребно е да се достави Гаранција за понудата.<br>Износот и валутата на гаранцијата за понудата ќе биде:<br>**МКД 1.600.000** |
| **ИП 19.3 (d)** | Други гаранции кои се прифатливи: **нема** |
| **ИП 19.9** | **Нема примена** |
| **ИП 20.1** | Освен оригиналната понуда, бројот на копии е: **2 (две)** |
| **ИП 20.2** | Писменото овластување за потписникот назначен од страна на Понудувачот треба да вклучи:<br>Име и опис на документите со кои се потврдува овластувањето на потписникот за да ја потпише понудата, како на пример Полномошно; и<br>Во случај кога понудата ја поднесува постоечки или конзорциум кој ќе се формира, документ потпишан од сите учесници во конзорциумот (i) во кој се наведува дека учесниците во конзорциумот сносат заедничка и поединечна одговорност, доколку тоа е потребно во согласност со ИП 4.1(а) и (ii) со кој се назначува претставник кој е овластен во однос на сите обврски поврзани со секој учесник во конзорциумот и конзорциумот како целина во текот на тендерската постапка и доколку на конзорциумот му е доделен договорот, во текот на извршувањето на договорот. |

## Г. Поднесување и отворање на понудите

| | |
|---|---|
| **ИП 21.1** | Понудувачите ***нема да имаат*** можност понудите да ги достават по електронски пат. |
| **ИП 22.1** | Само за целите за поднесување на понуди, адресата на работодавачот е:<br>**Проект за локална и регионална конкуретност**<br>**ул. Мирослав Крлежа 60/1,**<br>**1000 Скопје,**<br>**Република Северна Македонија**<br><br>**Реф.бр. LRCP-1/18-SG-31-NCB/1** |

| | |
|---|---|
| | **"НЕ ОТВАРАЈ ДО" 23.07.2019 година**<br>**Краен рок за понесување на понуди е:**<br>**Датум: 23.07. 2019 година**<br>**Време: 11:00 часот**<br>**Понудувачите нема да имаат можност понудите да ги достават по електронски пат.** |
| **ИП 25.1** | Отворањето на понудите ќе биде во канцелариите на:<br>**Проект за локална и регионална конкуретност**<br>**ул. Мирослав Крлежа 60/1,**<br>**1000 Скопје,**<br>**Република Северна Македонија**<br>**Датум: 23.07. 2019 година**<br>**Време: 11:00 часот** |
| **ИП 25.3** | Писмото со понудата и Предмер пресметката ќе бидат парафирани од страна на 2 претставници на Работодавачот кои го спроведуваат отворањето на понудите. |

## Д. Евалуација и споредба на понудите

| | |
|---|---|
| **ИП 32.1** | **Нема примена**. |
| **ИП 33.1** | Давање предност на понудувачи **нема** да се применува. |
| **ИП 34.1** | Во моментов Работодавочот **нема намера** одреден дел на специфични градежни работи да ги додели на извршување на однапред избрани подизведувачи. |
| **ИП 34.3** | Ангажирање на подизведувачи што се предлага: Максимален дозволен процент на подизведувачи е: **30% од вкупната сума на договорот**.<br>b) Понудувачите кои сакаат да ангажираат подизведувачи за повеќе од 10% од работите, во Образецот за поднесување на понудата ќе ги наведат активностите или деловите од работата за кои ќе се ангажира подизведувачот и ќе приложат информации за подизведувачот и неговите квалификации и искуство. Квалификациите и искуството на подизведувачот мора да ги исполнуваат минималните критериуми за соодветната работа за која се ангажира истиот, во спротивно нема да се дозволи негово ангажирање.<br>c) Квалификациите и искуството на подизведувачите нема да се земе во предвид при евалуацијата на Понудувачите. Понудувачот сам (не земајќи ги во предвид квалификациите и искуството на |

| | |
|---|---|
| | подизведувачите) треба да ги исполнува критериумите за квалификација. |
| **ИП 43.1** | Пресудувачот предложен од страна на Работодавачот е: **Маријана Лазаревска, ул. Андон Дуков бр. 5/2, 1000 Скопје**. Надоместокот по час ќе изнесува 1.500 денари нето. Нејзината биографија е:<br><br>**Дата на раѓање:** 22.03.1981 год.<br><br>**Националност:** Македонка<br><br>Вкупен работен стаж од 13 години на Градежниот факултет во Скопје, Доцент на катедрата за Организација, технологија и менаџмент во градежништво.<br><br>**<u>Работно искуство</u>**<br><br>• 2005 - 2006 год.: "PIC Joint Venture – Japan", подготовка на тендерска и проектна документација за ХС Злетовица<br>• Од 2006 до сега: Градежен факултет во Скопје, катедра за Организација, технологија и менаџмент во градежништво.<br><br>**<u>Овластувања</u>**<br><br>• Лиценца за судски вештак од областа на градежништвото<br>• Овластување А за ПРОЕКТИРАЊЕ на градби како одговорен проектант<br>• Овластување А за РЕВИЗИЈА на проектна документација<br>• Овластување за енергетски контролор<br><br>**<u>Образование</u>**<br><br>• Доктор по технички науки/Градежен факултет во Подгорица, Универзитет на Црна Гора (2010-2014)<br>• Магистер по технички науки/Градежен факултет во Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" (2006-2010)<br>• Дипломиран градежен инженер/Градежен факултет во Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" (1999-2005) |

# Дел III – Критериуми за евалуација и квалификација

Овој дел ги содржи сите критериуми кои Работодавачот ќе ги користи за евалуација на понудите и квалификација на Понудувачите доколку не се спроведе пред-квалификација и пост-квалификација. Во согласност со ИП 35 и ИП 37, нема да се користат други методи, критериуми и фактори. Понудувачот треба да ги обезбеди сите информации кои се бараат во формуларите од Обрасците на понудата.

Кога Понудувачот треба да наведе паричен износ мора да ја наведе и националната валута. Во случај кога износите се изразени во странска валута, тогаш конвертирањето во националната валута ќе биде во согласност со следниот девизен курс:

- -За градежен обрт или финансиски податоци за секоја година – Девизен курс на последниот ден од соодветната календарска година (за која треба да се изврши конвертирање на сумите) е утврден.
- -Вредност на единечни договори – Девизен курс на денот на потпишување на договорот

Девизните курсеви ќе се преземат од јавно достапен извор наведен во ИП 32.1. Секоја грешка во утврдувањето на девизниот курс во понудата може да се коригира од страна на работодавачот.

## Критериуми


**1. Евалуација ........ 36**

1.1 Адекватност на техничикиот предлог ........ 36
1.2 Критериуми за доделување на повеќекратни договори [ИП 35.4]: ........ 36
1.3 Алтернативни времиња на исполнување ........ 36
1.4 Технички алтернативи ........ 36
1.5 Специјализирани подизведувачи ........ 36

**2 Квалификации ........ 40**

1. Прифатливост ........ 40
2. Минати неисполнети договори ........ 41
3. Финансиска состојба и учинок ........ 44
4. Искуство ........ 46
5. Вработени ........ 48
6. Опрема ........ 49

## 1. Евалуација

Покрај критериумите наведени во ИП 35.2 (а) – (д) треба да се применат следниве критериуми:

### 1.1 Адекватност на техничкиот предлог

Евалуацијата на Техничкиот предлог на Понудувачот ќе вклучува оцена на техничкиот капацитет на Понудувачот за мобилизирање на главната опрема и лица за договорот во согласност со неговиот предлог во врска со методите на работа, распоредот и изворот на материјали со доволно детали и целосно во согласност со барањата пропишани во Дел VII (Барања за работа).

1.2 Критериуми за доделување на повеќекратни договори – **нема примена**

### 1.3 Алтернативни времиња на исполнување – нема примена

### 1.4 Технички алтернативи – нема примена

### 1.5 Специјализирани подизведувачи – нема примена

# 2 Квалификации

| | Критериуми за прифатливост и квалификуваност | | | Барања за усогласеност | | | Документација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Заедничко вложување (постоечко или планирано) | | | |
| **Бр.** | **Фактор** | **Услов** | **Еден правен субјект** | **Сите партнери заедно** | **Секој партнер** | **Еден партнер** | **Потребни документи** |
| **1. Прифатливост** | | | | | | | |
| 1.1 | **Национaлност** | Национaлност во согласност со ИП 4.3 | Мора да ги исполни условите | Мора да ги исполни условите | Мора да ги исполни условите | Нема примена | Образец ELI –1.1 и 1.2, со прилози |
| 1.2 | **Конфликт на интереси** | Да нема конфликт на интереси согласно со ИП 4.2 | Мора да ги исполни условите | Мора да ги исполни условите | Мора да ги исполни условите | Нема примена | Писмо со понуда |
| 1.3 | **Квалификуваност прогласена од Банката** | Да не е прогласен за неквалификуваод Банката согласно со ИП 4.4, 4.5,4.6 и 4.7 | Мора да ги исполни условите | Мора да ги исполни условите | Мора да ги исполни условите | Нема примена | Писмо со понуда |
| 1.4 | **Субјект во сопственост на Владата од земјата на Заемопримачот** | Да ги исполнува условите согласно ИП 4.5 | Мора да ги исполни условите | Мора да ги исполни условите | Мора да ги исполни условите | Нема примена | Образец ELI –1.1 и 1.2, со прилози |
| 1.5 | **Резолуција на Обединетите Нации или според законите на земјата на Заемопримачот** | Да не е исклучен како резултат на законите и прописите на земјата на | Мора да ги исполни условите | Мора да ги исполни условите | Мора да ги исполни условите | Нема примена | Образец ELI –1.1 и 1.2, со прилози |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Критериуми за прифатливост и квалификуваност** | | | **Барања за усогласеност** | | | **Документација** |
| **Бр.** | **Фактор** | **Услов** | **Еден правен субјект** | **Заедничко вложување (постоечко или планирано)** | | | **Потребни документи** |
| | | | | **Сите партнери заедно** | **Секој партнер** | **Еден партнер** | |
| | | Заемопримачот или пак со акт на Советот за безбедност на ОН во согласност со ИП 4.7 и Дел V. | | | | | |
| **2. Минати неисполнети договори** | | | | | | | |
| 2.1 | **Историја на неисполнети договори** | Неисполнети договори[7] кои не случиле по вина на изведувачот од 1 јули 2016 година. | Мора да ги исполни условите [12] | Мора да ги исполни условите | Мора да ги исполни условите [8] | Нема примена | Образец CON – 2 |
| 2.2 | **Суспендирање на понуда поради активирање на Изјавата која ја гарантира понудата од** | Да нема суспендирање на понудата поради активирање на Изјавата која ја гарантира понудата согласно ИП 4.6 или повлекување на понудата согласно ИП 19.9 | Мора да ги исполни условите | Мора да ги исполни условите | Мора да ги исполни условите | Нема примена | Образец за поднесување на понудата |

[7] Неисполнувањето, како што е определено од страна на Работодавачот, треба да ги опфати сите договори каде што (а) изведувачот не го оспорил неисполнувањето, вклучително и преку упатување преку механизмот за решавање спорови според соодветниот договор, и (б) договори што биле оспорени на тој начин, но биле целосно решени против изведувачот. Неисполнувањето не вклучува договори каде одлуката на Работодавачите е поништена од механизмот за решавање спорови. Неисполнувањето мора да се заснова на сите информации за целосно разрешени парници или парнични постапки, односно парница или судски парници што се решени во согласност со механизмот за решавање на спорови според соодветниот договор и каде се исцрпени сите случаи на жалба што му се достапни на Понудувачот.

[8] Ова барање исто така важи за договорите извршени од Понудувачот како член на ЗВ.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Критериуми за прифатливост и квалификуваност** | | | **Барања за усогласеност** | | | **Документација** |
| **Бр.** | **Фактор** | **Услов** | **Еден правен субјект** | **Заедничко вложување (постоечко или планирано)** | | | **Потребни документи** |
| | | | | **Сите партнери заедно** | **Секој партнер** | **Еден партнер** | |
| | **страна на Работодавачот или повлекување на понудата во периодот на валидност на понудата** | | | | | | |
| 2.3 | **Нерешени судски парници** | Финансиската состојба на Понудувачот и потенцијалната долгорочна профитабилност се цврсти според критериумите утврдени во 3.1 подолу и под претпоставка дека судските парници кои се чекаат ќе бидат решени против Понудувачот | Мора да ги исполни условите | Нема примена | Мора да ги исполни условите | Нема примена | Образец CON – 2 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Критериуми за прифатливост и квалификуваност** | | | **Барања за усогласеност** | | | **Документација** |
| | | | | **Заедничко вложување (постоечко или планирано)** | | | |
| **Бр.** | **Фактор** | **Услов** | **Еден правен субјект** | **Сите партнери заедно** | **Секој партнер** | **Еден партнер** | **Потребни документи** |
| 2.4 | **Историјат на парници** | Нема конзистентна историја на судски / арбитражни одлуки против Понудувачот[9] од 1 јули 2016 година. | Мора да ги исполни условите | Мора да ги исполни условите | Мора да ги исполни условите | Нема примена | Образец CON – 2 |
| 2.5 | **Декларација: претходно извршување на договор согласно Аспектите за животната средина, социјалните аспекти, здравјето и безбедноста (ЖССАЗБ)** | Наведете ги сите договори за градежни работи кои се суспендирани или прекинати и/или гаранцијата за извршување на договорот активирана од работодавачот поради причини поврзани со непочитување на какви било еколошки или социјални (вклучувајќи сексуално искористување и злоупотреба (СИЗ) и родово базирано насилство (РБН)), или здравствени или безбедносни барања или заштитни мерки во последните пет години10. | Мора да направи декларација. Таму каде што постојат специјализиран/и подзведувач/и, специјализиран/ите подизведувач/и мора исто така да направат декларација. | Нема примена | Сите мора да направат декларација. Таму каде што постојат специјализиран/и подзведувач/и, специјализиран/ите подизведувач/и мора исто така да направат декларација.. | Нема примена | Образец CON-3 ЕСЗБ Декларација за извршување на договорот |

[9] Понудувачот треба да достави точни информации за Писмото за понуда за секакви судски парници или арбитража кои произлегуваат од исполнети договори или тековни договори што ги извршува во последните пет години. Конзистентна историја на судски/арбитражни одлуки против Понудувачот или кој било член на заедничко вложување може да доведе до дисквалификација на Понудувачот.

[10] Работодавачот може да ги користи овие информации за да бара понатамошни информации или појаснувања при исполнување на својата темелна анализа.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Критериуми за прифатливост и квалификуваност** | | | **Барања за усогласеност** | | | **Документација** |
| **Бр.** | **Фактор** | **Услов** | **Еден правен субјект** | **Заедничко вложување (постоечко или планирано)** | | | **Потребни документи** |
| | | | | **Сите партнери заедно** | **Секој партнер** | **Еден партнер** | |
| **3. Финансиска состојба и учинок** | | | | | | | |
| 3.1 | **Финансиски можности** | (i) Понудувачот треба да покаже дека има пристап до или располага со ликвидни средства, недвижнини што не се под хипотека, кредитни линии и други финансиски средства (независно од секакво договорно авансно плаќање) што е доволно за исполнување на барањата за готовински тек за изградба проценети на 18.000.000 денари за нетото на предметниот/те договор (и) од другите обврски на понудувачот/ите. | Мора да ги исполни условите | Нема примена | Партнерот треба да покаже дека има пристап до или располага со ликвидни средства, недвижнини што не се под хипотека, кредитни линии и други финансиски средства (независно од секакво договорно авансно плаќање) што е доволно за исполнување на барањата за готовински тек за изградба проценети во висина од 3% од вредноста на работите кои ќе ги изведе за нетото на предметниот/те договор (и) од другите обврски на понудувачот/ите. ***Овој услов важи за секој партнер кој ќе биде подршка на понудувачот за** | Нема примена | Образец FIN – 3.1 со прилози |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Критериуми за прифатливост и квалификуваност** | | | **Барања за усогласеност** | | | **Документација** |
| **Бр.** | **Фактор** | **Услов** | **Еден правен субјект** | **Заедничко вложување (постоечко или планирано)** | | | **Потребни документи** |
| | | | | **Сите партнери заедно** | **Секој партнер** | **Еден партнер** | |
| | | (ii) Понудувачите, исто така, треба да покажат, на задоволство на Работодавачот, дека располагаат со соодветни извори на финансирање за да ги исполнат барањата за готовински тек за работи кои се во тек и за идните договорни обврски.<br><br>(iii) Ревидираните биланси на состојба или, ако не се бара со законите на земјата на Понудувачот, се поднесуваат и други финансиски извештаи прифатливи за Работодавачот за последните 3 години (2016, 2017, 2018) и мора да ја покажат тековната стабилност на финансиската состојба на Понудувачот и да укажуваат на неговата потенцијална долгорочна профитабилност. | Мора да ги исполни условите | Нема примена | **реализација на градежните работи**<br><br>Мора да ги исполни условите | Нема примена | |
| 3.2 | **Просечен годишен обрт на средства во градежништво** | Минимален просечен годишен обрт на средства од градежни работи во вредност од 110.000.000,00 денари пресметан како вкупно потврдени исплати добиени за договори кои се во тек или завршени во текот на последните 3 (три) години, поделен со 3 (три) години. | Мора да ги исполни условите | Нема примена | Мора да исполни најмалку 20% од условите | Нема примена | Нема примена |

## 4. Искуство

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Критериуми за прифатливост и квалификуваност** | | | **Барања за усогласеност** | | | | **Документација** |
| | | | | **Заедничко вложување (постоечко или планирано)** | | | |
| **Бр.** | **Фактор** | **Услов** | **Еден правен субјект** | **Сите партнери заедно** | **Секој партнер** | **Еден партнер** | **Потребни документи** |
| 4.1 (а) | **Општо градежно искуство** | Искуство со минимум 3 градежни договори во улога на главен изведувач, член на ЗВ, изведувач за управување или подизведувач[11] на или по првиот ден од календарската година во периодот најмалку последните 5 години, почнувајќи од 1 јули 2014 година.<br>За горенаведените и сите други договори да покаже искуство во градежништво за изградба или реконструкција на јавни, деловни и приватни објекти / јавни површини, изградба и реконструкција на локални и регионални патишта и улици, партерно уредување итн; со физичкиот обем на работите, комплексноста, методите/технологијата или други карактеристики како што е опишано во делот VII – Барања за работи за следниве клучни активности:<br>• бетонски и армирано-бетонски работи<br>• столарски работи<br>• молерофарбарски работи<br>• браварски работи<br>• челични конструкции<br>• електро инсталации | Мора да ги исполни условите | Нема примена | Нема примена | Нема примена | Образец EXP-4.1 |

[11] За договори во кои понудувачот учествувал како член на заедничко вложување или подизведувач, само уделот на Понудувачот треба да се смета дека ги исполнува овие услови.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Критериуми за прифатливост и квалификуваност** | | | **Барања за усогласеност** | | | | **Документација** |
| **Бр.** | **Фактор** | **Услов** | **Еден правен субјект** | **Заедничко вложување (постоечко или планирано)** | | | **Потребни документи** |
| | | | | **Сите партнери заедно** | **Секој партнер** | **Еден партнер** | |
| | | • водовод и канализација<br>• земјени работи и партерно уредување<br>• специфични столарски работи за изведба на дрвена конструкција со монтажа на опрема за спортско-рекреативни авантуристички активности | | | | | |

| Бр. | Фактор | Услов | Еден правен субјект | Сите партнери заедно | Секој партнер | Еден партнер | Потребни документи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Критериуми за прифатливост и квалификуваност** | | | **Барања за усогласеност** | | | | **Документација** |
| | | | | **Заедничко вложување (постоечко или планирано)** | | | |
| 4.2 (а) | **Специфично искуство во управување со градежништво и договори** | (i) Минимален број на слични[12] договори наведени подолу, кои биле задоволително и суштински[13] исполнети како главен изведувач, член на заедничко вложување[14], изведувач за управување или подизведувач[14] помеѓу 1 јули 2014 година и крајниот рок за поднесување на барање:<br>i) минимум 3 договори за градежни работи слични на предложените градежни работи секоја со минимална вредност од 25.000.000.<br>Сличноста на извршените градежни работи треба да се базира на физичкиот обем на работите, комплексноста, методите / технологијата или други карактеристики како што е опишано во делот VII – Барања за работи. Како градежни работи од слична природа ќе се сметаат: изградба или реконструкција на јавни, деловни и приватни објекти, изградба и реконструкција на локални и регионални патишта и улици, партерно | Мора да ги исполни условите | Нема примена | i) 3 договори за градежни работи слични на предложените градежни работи секоја со минимална вредност еднаква на вредноста на работите кои ќе ги изведе како партнер на изведувачот.<br>Сличноста на извршените градежни работи треба да се базира на физичкиот обем на работите, комплексноста, методите/технологијата или други карактеристики како што е опишано во делот VII – Барања за работи | Нема примена | Образец EXP 4.2(а) |

[12] Сличноста треба да се основа на физичката големина, сложеноста, методите/технологијата и/или други карактеристики опишани во Дел VII, Барања за работи. Збирот на бројот на договори со мала вредност (помала од вредноста одредена според барањето) за да се исполнат вкупните барања нема да биде прифатен.

[13] Значителното исполнување треба да се заснова на 80% или повеќе работи завршени според договорот.

[14] За договорите под кои Понудувачот учествувал како член на заедничко вложување или подизведувач, само уделот на Понудувачот, според вредноста, се смета дека го исполнува ова барање.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Критериуми за прифатливост и квалификуваност** | | | **Барања за усогласеност** | | | **Документација** |
| **Бр.** | **Фактор** | **Услов** | **Еден правен субјект** | **Заедничко вложување (постоечко или планирано)** | | | **Потребни документи** |
| | | | | **Сите партнери заедно** | **Секој партнер** | **Еден партнер** | |
| | | уредување итн.<br><br>**НАПОМЕНА:**<br>(ii) Заради спецификата на работите поврзани со изведба и монтажа на High Rope делот од адреналинскиот парк – предмет на оваа набавка, за следниве специфични / специјализирани работи: **специфични столарски работи за изведба на дрвена конструкција со монтажа на опрема за спортско-рекреативни авантуристички активности,**<br>Работодавачот дозволува / препорачува Понудувачот да вклучи специјализирани подизведувачи / партнери според ИП 34.4<br>(**Види предмер за High Rope_Annex1**) | | | | | |
| 4.2 (б) | | За горенаведените и сите други договори што се исполнети и се спроведуваат како главен изведувач, член на заедничко вложување, изведувач за управување или | Мора да ги исполни условите | Нема примена | Мора да ги исполни условите | Нема примена | Образец EXP – 4.2 (б) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Критериуми за прифатливост и квалификуваност** | | | **Барања за усогласеност** | | | **Документација** |
| **Бр.** | **Фактор** | **Услов** | **Еден правен субјект** | **Заедничко вложување (постоечко или планирано)** | | | **Потребни документи** |
| | | | | **Сите партнери заедно** | **Секој партнер** | **Еден партнер** | |
| | | подизведувач[15] на или по првиот ден од календарската година во периодот утврден во точка 4.2 (а) погоре, минимум искуство во градежништво со следниве клучни активности се успешно исполнети[16]. | | | | | |

[15] За договори во кои понудувачот учествувал како член на заедничко вложување или подизведувач, само уделот на Понудувачот треба да се смета дека ги исполнува овие услови.

[16] Обемот, бројот или стапката на производство на секоја клучна активност може да се прикаже во еден или повеќе договори што се комбинираат ако се извршуваат во истиот временски период. Стапка на производство треба да биде стапката на годишно производство за клучната градежна активност (или активности).

## 5. Вработени

Понудувачот мора да покаже дека ќе има на располагање соодветно квалификуван (и во соодветен број) минимум клучен персонал, како што е опишано во табелата подолу, а кој е неопходен за извршување на договорот.

Понудувачот треба да обезбеди детали за клучниот персонал и другиот клучен персонал кој Понудувачот го смета за соодветен, заедно со нивните академски квалификации и работно искуство. Понудувачот ги пополнува релевантните формулари во делот IV, обрасци на понудата.

Изведувачот за време на изведување на работите мора да побара согласност од Работодавачот во случај на промена на клучниот персонал (согласно посебни услови на договорот точка 9.1).

| **Позиција** | **Релевантно академско искуство** | **Минимум години на релеватно работно искуство** |
|---|---|---|
| Главен одговорен инженер **Дипломиран инженер Архитект / Дипломиран Градежен инженер**<br><br>**Проект Менаџер** | Завршено високо образование во областа на архитектурата / градежништвото.<br><br>Овластување А или Б за изведба на градежни работи<br><br>Минимум 10 години како изведувач или надзор на градежни работи | Искуство на минимум 3 (три) проекти од споредлива природа и степен на сложеност (изградба или реконструкција на јавни, деловни и приватни објекти / јавни површини, изградба и реконструкција на локални и регионални патишта и улици, партерно уредување)<br><br>Искуство на минимум 1 (еден) проект од споредлива природа и степен на сложеност (изградба или реконструкција на јавни, деловни и приватни објекти / јавни површини, изградба и реконструкција на локални и регионални патишта и улици, партерно уредување) како **Проект менаџер** |

| | | |
|---|---|---|
| **Дипломиран Градежен инженер** | Завршено високо образование во областа на градежништвото<br><br>Овластување А или Б за изведба;<br><br>Минимум 7 години (како изведувач или надзор на градежни работи) | Искуство на минимум 2 (два) проекти од споредлива природа и степен на сложеност (изградба или реконструкција на јавни, деловни и приватни објекти / јавни површини, изградба и реконструкција на локални и регионални патишта и улици, партерно уредување) |
| **Дипломиран Електро инженер** | Завршено високо образование во областа на инженерството<br><br>Овластување А или Б за изведба<br><br>Минимум 5 години (како изведувач или надзор на градежни работи) | Искуство на минимум 2 (два) проекти од споредлива природа и степен на сложеност (изградба или реконструкција на јавни, деловни и приватни објекти / јавни површини, изградба и реконструкција на локални и регионални патишта и улици, партерно уредување) |

- Изведувачот е должен да обезбеди лице кое поседува Сертификат за здравје и безбедност при работа, кое ќе биде дел од тимот на лицата присутни на градилиште. Сертификатот може да го поседува и некој од клучниот персонал.
- Доплнително изведувачот треба да обезбеди тим од мин 20 лица и 2 КВ работници како раководители на тимот (вкупно 22), со работници за изведба соодветно на секоја група на работи, предвидена со Основниот проект. Изведувачот е должен да обезбеди **секојдневно** присуство на тимот во целиот тек на реализација на градежните активности

## 6. Опрема

Понудувачот мора да прикаже дека му се достапни на користење клучните машини наведени во табелата подолу:

| **Број** | **Вид на опрема и карактеристики** | **Потребен минимум** |
|---|---|---|
| 1. | Транспортни возила | 2 |
| 2. | Миксер за бетон | 1 |
| 3. | Ровокопач | 1 |
| 4. | Гумен ваљак | 1 |
| 5. | Челичен (вибро) ваљак | 1 |

Понудувачот ќе обезбеди детали за содветната предложена опрема во релевантните обрасци од Дел IV.

# Дел IV – Обрасци на понудата

## Обрасци

**Писмо за понуда ........ 52**

**Распореди ........ 55**

Предмер пресметка ........ 55

**Образец за гаранција на понудата (Банкарска гаранција) ........ 56**

**Техничка понуда ........ 58**

Обрасци за техничката понуда ........ 58
Образец PER – 1 ........ 59
Образец PER – 2: ........ 61
Опрема ........ 63
Организираност на локацијата ........ 64
Изјава за методот ........ 65
Распоред за мобилизација ........ 66
Распоред за градење ........ 67
Стратегии за управување и планови за спореведување на ЖССАЗБ ........ 68
Кодекс на однесување: Аспекти на животната средина, социјални аспекти, здравје и безбедност (ЖССАЗБ) ........ 69

**Квалификации на Понудувачот ........ 70**

Образец ELI 1.2:Табела за информации за страна во заедничко вложување (ЗВ) 71
Образец CON – 2: Минати неисполнети договори, Судски парници кои што се чекаат и Историјат на парници ........ 73
Образец CCC: Тековни договорни обврски / тековни работи ........ 74
Образец FIN – 3.1: Финансиска состојба и учинок ........ 75
Образец FIN – 3.2: Просечен годишен обрт на средства во градежништво ........ 77
Образец FIN3.3: Финансиски средства ........ 79
Образец EXP - 4.1: Општо градежно искуство ........ 80
Образец EXP – 4.2(a): Специфично искуство во градежништво и управување со договори ........ 81
Образец EXP – 4.2(a) (продолж.): Специфично искуство во градежништво и управување со договори (продолжува) ........ 82
Образец EXP – 4.2(b): Градежно искуство во клучните активности ........ 83

# Писмо за понуда

*Понудувачот мора да подготви Писмо за понуда на хартија при што на горниот дел од меморандумот јасно ќе биде назначен целосниот назив и адресата на Понудувачот.*

***Забелешка: Целиот текст со курзив служи како помош во подготовката на овој образец и ќе биде избришан во конечните документи.***

Датум: _______________ *[внесете датум(ден, месец, година) на поднесување на понудата]*
Тендер бр.: _______________ **[*внесете број на тендерскиот процес*]**
Покана за поднесување понуда бр.: _______________ ***[внесете идентификација]***
Алтернативен бр.: ***[внесете индентификациски број доколку понудата е за алтернатива]***

До: **[*внесете го целото име на Работодавачот*]**

(а) Ја разгледавме и немаме забелешки за Тендерската документација, вклучувајќи ги и Дополнувањата издадени во согласност со Инструкциите за понудувачите (ИП) клаузула 8;

(б) Ги исполнуваме условите за прифатливост и немаме судир на интереси во согласност ИП 4.

(в) Не сме суспендирани ниту прогласени за неприфатливи од страна на работодавачот врз основа на извршување на Декларацијата за обезбедување на понудата во земјата на Работодавачот во согласност со ИП 4.6.

(г) Ние нудиме да ги извршиме следните Работи во согласност со Тендерските документи: **[*внесете краток опис на Работите*]**;

(д) Вкупната цена на нашата понуда, со исклучок на сите попусти понудени во точка (ѓ) подолу, е:

Во случај на само еден лот, вкупната цена на Понудата ***[внесете ја вкупната цена на понудата со зборови и бројки, наведувајќи ги различните износи и соодветните валути];***

Во случај на повеќекратни лотови, вкупната цена за секој *лот* ***[внесете ја вкупната цена на секој лот со зборови и бројки, наведувајќи ги различните износи и соодветните валути];***

Во случај на повеќекратни лотови, вкупната цена на сите лотови (збир на сите лотови) ***[внесете ја вкупната цена на сите лотови со зборови и бројки, наведувајќи ги различните износи и соодветните валути]***;

(ѓ) Понудените попусти и методологијата за нивна примена се:

**Б. Контрола на време ..........110**

26. Динамички план ..........110
27. Продолжување на Предвидениот датум на завршување ..........110
28. Забрзување ..........111
29. Одложувања побарани од координаторот на проектот ..........111
30. Состаноци на раководството ..........111
31. Навремено предупредување ..........111

**В. Контрола на квалитет ..........112**

32. Идентификување на грешки ..........112
33. Тестови ..........112
34. Поправка на грешки ..........112
35. Непоправени грешки ..........112

**Г. Контрола на трошоци ..........112**

36. Цена на Договорот ..........112

37. Промени на цената на договорот....113
38. Измени....113
39. Пресметка на проток на парични средства....114
40. Потврди за исплата....114
41. Исплати....115
42. Случаи за компензација....115
43. Данок....117
44. Валути....117
45. Усогласување на цена....117
46. Задржување на средства....118
47. Утврдена оштета....118
48. Бонус 119
49. Авансно плаќање....119
50. Гаранции....119
51. Дневна работа....120
52. Трошоци за поправки....120

**Д. Завршување на Договорот....120**

53. Завршување....120
54. Преземање....120
55. Финална сметка....120
56. Прирачници за работа и одржување....121
57. Прекинување....121
58. Исплата по прекинување на работен однос....122
59. Сопственост....123
60. Ослободување од извршување на договорот....123
61. Суспендирање на заем или кредит....123

# Општи услови од договорот

## А. Општи одредби

**1. Дефиниции**

1.1 Зборовите кои се задебелени се термините за кои е дадена дефиниција.

(а) Прифатена цена на Договорот се однесува на цената која е прифатена со Писмото за прифаќање за извршување и завршување на работите како и поправката на било какви грешки.

(б) Распоред на активности се однесува на распоредот на сите активности кои ги вклучува изградбата, поставувањето, тестирањето и пуштањето во функција на работите наведени во Договорот со паушална цена. Тој вклучува паушална цена за секоја активност која се користи за проценки и за утврдување на влијанијата на Измените и Случаите на компензација.

(в) Пресудувач се однесува на лицето кое е заеднички назначено од страна на Работодавачот и Изведувачот за решавање на спорови во првата инстанца, како што е наведено во ОУД 23.

(г) Банка се однесува на финансиската институција која е **наведена во ПУД.**

(д) Предмер се однесува на комплетниот предмер-пресметка кој претставува дел од Понудата.

(ѓ) Случаите на компензација се однесуваат на оние настани кои се наведени во ОУД клаузула 42.

(е) Датум на завршување се однесува на датумот на завршување на Работите според утврденото од страна на координаторот на проектот, во согласност со под-клаузула 53.1 од ОУД.

(ж) Договор се однесува на Договорот помеѓу Работодавачот и Изведувачот за изведба, завршување и одржување на Работите. Се состои од документите набројани во ОУД, под-клаузула 2.3 подолу.

(з) Изведувач се однесува на лицето чија Понуда за извршување на Работите е прифатена од страна на Работодавачот.

(ѕ) Понуда на Изведувачот се однесува на целосната тендерска документација која Изведувачот ја поднел до Работодавачот.

(и) Цена на Договорот се однесува на Прифатената цена на Договорот назначена во Писмото за прифаќање, усогласена со одредбите од Договорот.

(ј) Денови се однесува на календарски денови; месеци се однесува на календарски месеци

(к) Дневна работа се однесува на различните работни задачи кои се предмет на исплата на временска основа за вработените на Изведувачот и за Опремата, како дополнување на исплатите за потребните материјали и постројки.

(л) Грешка се однесува на кој било дел од Работите кои не се завршени во согласност со Договорот.

(љ) Потврда за отстранети грешки се однесува на потврда која ја издава координаторот на проектот после поправањето на грешките од страна на Изведувачот.

м) Период за отстранување на грешки се однесува на периодот **наведен во ПУД,** клаузула 34.1, пресметан од датумот на завршување.

(н) Цртежи се однесува на цртежи од Работите како што се назначени во Договорот и сите дополнителни или модифицирани цртежи издадени од страна на (или во име на) Работодавачот во согласност со Договорот, кои вклучуваат пресметки и други информации кои се обезбедени или одобрени од страна на координаторот на проектот за извршување на Договорот.

(њ) Работодавач се однесува на страната која го ангажира Изведувачот за завршување на Работите, **според утврденото во ПУД.**

(о) Опрема се однесува на машинеријата и возилата на Изведувачот кои се привремено донесени на Локацијата за извршување на Работите

(п) „Писмено" или „во пишана форма" значи напишани на рака, на машина за пишување, печатени или електронски направени кои влегуваат во трајна евиденција;

(р) Почетна цена на Договор се однесува на Цената на Договор наведена во Писмото за прифаќање на Работодавачот.

(с) Предвиден датум на завршување се однесува на датумот на кој е предвидено дека Изведувачот ќе ги заврши Работите. Предвидениот датум на завршување е **даден во ПУД**. Предвидениот датум на

завршување може да биде ревидиран само од страна на координаторот на проектот со продолжување на времето или со наредба за забрзување.

(т) Материјали се однесува на сите добра, вклучувајќи ги и сите потрошни материјали кои што Изведувачот ги користи при изведба на Работите.

(ќ) Постројка се однесува на кој било интегрален дел од Работите кој ќе има машинска, електрична, хемиска или биолошка функција.

(у) Координаторот на проектот се однесува на лицето **наведено во ПУД** (или кое било друго соодветно лице назначено од страна на Работодавачот и за кое е известен Изведувачот, кое ќе биде во функција на замена на координаторот на проектот) одговорно за надзор врз изведбата на Работите и спроведувањето на Договорот.

(ф) ПУД се однесува на Посебни услови од Договорот.

(х) Локација се однесува на областа **утврдена како таква според ПУД.**

(ц) Извештаи од истражување на локација се однесува на оние извештаи кои се вклучени во тендерската документација и се фактички и толкувани извештаи во врска со теренските и подземните услови на Локацијата.

(ч) Спецификација се однесува на Спецификацијата за Работите вклучени во Договорот и кои било модификации или дополнувања кои се направени или одобрени од страна на координаторот на проектот.

(џ) Датумот на започнување е **даден во ПУД.** Тоа е крајниот рок кога Изведувачот треба да ја започне изведбата на Работите. Не е неопходно да се вклопи со која било од Датумите на достапност на локацијата.

(ш) Подизведувач се однесува на физичко или правно лице кое има склучено Договор со Изведувачот да извршува дел од работата во Договорот, која вклучува работа на Локацијата.

(аа) Подготвителни работи се однесува на работите назначени, конструирани, инсталирани и отстранети од страна на Изведувачот неопходни за конструкција или инсталирање на Работите.

(бб) Измена се однесува на инструкција дадена од координаторот на проектот со која се прави измена на Работите.

(вв) Работата се однесува на она што според Договорот Изведувачот треба да конструира, инсталира и достави до Работодавачот, **според дефинираното во ПУД.**

**2. Толкување**

2.1 При толкување на овие ОУД, зборовите кои се однесуваат на еден род ги опфаќаат сите родови. Зборовите кои означуваат еднината подразбираат и множина и обратно. Насловите немаат важност. Зборовите го имаат своето нормално значење според јазикот на Договорот, освен ако не е поинаку дефинирано. Координаторот на проектот ќе обезбеди инструкции кои ќе ги објаснуваат прашањата во врска со овие ОУД.

2.2 Доколку завршување по Дели е **прецизирано во ПУД,** одредени референци од ОУД за Работите, Датумот на завршување и Предвидениот датум на завршување ќе се однесуваат на кој било Дел од Работите (освен референците за Датумот на завршување и Предвидениот датум на завршување на севкупните Работи).

2.3 Документите кои го формираат Договорот ќе бидат толкувани според следниот ред на приоритет

(а) Договор,

(б) Писмо за прифаќање,

(в) Понуда на Изведувачот,

(г) Посебни услови од Договор,

(д) Општи услови од Договор, вклучувајќи ги прилозите

(ѓ) Спецификации,

(е) Цртежи,

(ж) Предмер,[27] и

(з) било кој друг документ **наведен во ПУД** како дел од Договорот.

**3. Јазик и закон**

3.1 Јазикот на Договорот и законот според кој се раководи Договорот се **утврдени во ПУД.**

3.2 Во текот на целото извршување на договорот, Изведувачот треба да се придржува кон забраните за увоз на стоки и услуги во земјата на Работодавачот кога

[27] *Во сеопфатните договори „Предмер“ се заменува со „Распоред на активности“*

(а) заради законски или официјални прописи, земјата на Заемопримачот забранува трговски односи со таа земја; или

(б) со акт на усогласеност со одлуката на Советот за безбедност на Обединетите Нации преземен од Глава VII од Повелбата на Обединетите Нации, земјата на Заемопримачот забранува секаков увоз на стоки од таа земја и секаквио плаќања до секоја земја, лице или субјект во таа земја.

**4. Одлуки на координаторот на проектот**

4.1 Освен ако не е поинаку прецизирано, координаторот на проектот ќе одлучува за проблеми поврзани со договорот помеѓу Работодавачот и Изведувачот во улога на претставник на Работодавачот.

**5. Делегирање**

5.1 Доколку не е поинаку **прецизирано во ПУД**, координаторот на проектот може да ги делегира своите обврски и одговорности на други луѓе, освен на Пресудувачот, откако ќе го извести Изведувачот и може да откажува било какво делегирање откако ќе го извести Изведувачот.

**6. Комуникација**

6.1 Комуникацијата помеѓу страните кои се споменати во овие Услови ќе биде ефективна само ако е во писмена форма. Известувањата ќе бидат ефективни само кога ќе бидат доставени.

**7. Подизведување**

7.1 Изведувачот може да склучува договори за подизведување со одобрување од координаторот на проектот, но не може да го доделува Договорот без писмено одобрување од Работодавачот. Подизведувањето не ги менува должностите на Изведувачот.

**8. Други изведувачи**

8.1 Изведувачот ќе соработува и ќе ја дели Локацијата со други изведувачи, јавни институции и претпријатија, и Работодавачот помеѓу датумите дадени во распоредот на други изведувачи, според **даденото во ПУД**. Исто така, Изведувачот за нив ќе ги обезбеди средствата и услугите според опишаното во Распоредот. Работодавачот може да го модифицира Распоредот на други изведувачи и ќе го извести Изведувачот за какви било модификации кои биле направени.

**9. Персонал и опрема**

9.1 Изведувачот ќе го ангажира клучниот персонал и ќе ја употребува опремата назначена во Понудата за извршување на Работите или ќе ангажира друг персонал одобрен од страна на координаторот на проектот. Координаторот на проектот ќе одобри замена на дел од персоналот и опремата само доколку нивните релевантни квалификации и способности се во голема мера еднакви или подобри од оние на персоналот наведен во Понудата.

9.2 Доколку координаторот на проектот побара од Изведувачот да отстрани некое лице кое е дел од персоналот или работната сила на Изведувачот наведувајќи ги причините, Изведувачот ќе се осигура дека лицето ќе ја напушти Локацијата во рок од седум дена и нема да има понатамошна врска со работата поврзана со Договорот.

9.3 Ако Работодавачот, координаторот на проектот или Изведувачот утврди дека некој вработен на Изведувачот е решен да се вклучи во корумпирана, измамничка, приговорлива, принудна или опструктивна пракса при извршувањето на работите, тогаш тој вработен ќе биде отстранет во согласност со клузула 9.2 погоре.

**10. Ризици на Работодавачот и Изведувачот**

10.1 Работодавачот ги сноси ризиците кои овој Договор ги наведува како ризици на Работодавачот, а Изведувачот ги сноси ризиците кои овој Договор ги наведува како ризици на Изведувачот.

**11. Ризици на Работодавачот**

11.1 Од Датумот на започнување се до издавањето на Потврдата за отстранети грешки, ризици на Работодавачот се:

(a) Ризикот од повреди, смрт на персонал или губење, односно оштетување на сопственост (исклучувајќи ги Работите, Постројки, Материјалите и Опремата) како резултат на

(i) употреба, или заземање на Локацијата од Работите или за цел на Работите која е неизбежен резултат на Работите, или

(ii) невнимание, прекршување на законска должност или вмешување во какви било законски права од страна на Работодавачот или од страна на било кое лице вработено или ангажирано од него, со исклучок на Изведувачот.

(b) Ризикот од оштетување на Работите, Постројките, Материјалите и Опремата до степен кој е резултат на грешка на Работодавачот или грешка во проектот на Работодавачот или како резултат на војна или радиоактивна контаминација која директно влијае врз државата каде што ќе се извршуваат Работите.

11.2 Од Датумот на завршување се до денот на издавање на Потврдата за отстранети грешки, ризикот од загуба или оштета на Работите, Постројките и Материјалите е ризик на Работодавачот, освен ако не се работи за загуба или оштета како резултат на

(а) грешка која постоела на Датумот на завршување,
(б) случај кој се појавил пред Датумот на завршување кој не бил ризик на Работодавачот, или
(в) активностите на Изведувачот на Локацијата после Датумот на завршување.

**12. Ризици на Изведувачот**

12.1 Од Датумот на започнување се до денот на издавање на Потврдата за отстранети грешки, ризикот од повреда, смрт на персонал и загуба или оштета на сопственост (вклучувајќи ги, без ограничување, Работите, Постројките, Материјалите и Опремата) кои не се ризик на Работодавачот, се ризик на Изведувачот.

**13. Осигурување**

13.1 Изведувачот ќе обезбеди во име на Работодавачот и Изведувачот, осигурително покритие од Датумот на започнување до крајот на Периодот на отстранување грешки во вредност **утврдена во ПУД** за следните настани кои се должат на ризиците на Изведувачот:

(а) загуба или оштетување на Работите, Постројките и Материјалите;

(б) загуба или оштетување на Опремата;

(в) загуба или оштетување на сопственоста (освен за Работите, Постројките, Материјалите и Опремата) во врска со Договорот; и

(г) лична повреда или смрт.

13.2 Полисите и потврдите за осигурување ќе бидат испорачани од страна на Изведувачот до координаторот на проектот на одобрување од страна на координаторот на проектот пред Датумот на започнување. Целото тоа осигурување ќе се употреби за да може да се исплати компензација во видот и пропорциите на валутите кои се потребни да се поправи загубата или штетата која е направена.

13.3 Доколку Изведувачот не ги обезбеди потребните полиси и потврди, Работодавачот може да го наплати осигурувањето кое го обезбедил Изведувачот и да ги надомести премиите кои Работодавачот ги платил од исплатите кои треба да ги плати Изведувачот, или ако ниту една исплата не е доспеана, исплатата на премиите ќе претставува долг.

13.4 Нема да се прават измени на условите за осигурување без одобрение од координаторот на проектот.

13.5 Двете страни ќе ги почитуваат сите услови на осигурителните полиси.

**14. Извештаи од истражувања на локацијата**

14.1 Изведувачот ќе ги земе во предвид сите Извештаи од истражувања на локацијата кои се **дадени во ПУД**, надополнети со други информации достапни до Изведувачот.

**15. Изведба на работите од Изведувачот**

15.1 Изведувачот ќе ги изведува и спроведува Работите во согласност со Спецификациите и Цртежите.

**16. Работите кои ќе бидат завршени до Предвидениот датум на завршување**

16.1 Изведувачот може да го започне извршувањето на Работите на Датумот на започнување и ќе ги извршува Работите во согласност со Динамичкиот план кој е доставен од Изведувачот, ажуриран со одобрение од координаторот на проектот и ќе ги заврши до Предвидениот датум на завршување.

**17. Одобрение од координаторот на проектот**

17.1 Изведувачот ќе ги достави Спецификациите и Цртежите кои ги прикажуваат предложените Подготвителни работи до координаторот на проектот за одобрување.

17.2 Изведувачот ќе биде одговорен за проектирање на Подготвителните работи.

17.3 Одобрението од координаторот на проектот нема да ја измени одговорноста на Изведувачот за проектирање на Подготвителните работи.

17.4 Изведувачот ќе обезбеди одобрение од трето лице за проектирањето на Подготвителните работи доколку тоа е потребно.

17.5 Сите Цртежи изготвени од страна на Изведувачот за извршување на подготвителните или трајните работи се предмет на претходно одобрување од страна на координаторот на проектот пред нивната употреба.

**18. Безбедност**

18.1 Изведувачот ќе биде одговорен за безбедноста на сите активности на локацијата.

18.2 Изведувачот треба да преземе разумни чекори за заштита на животната средина (на и надвор од локацијата) и да ги ограничи штетите и непријатностите на луѓето и имотот од загадувањето, бучавата и други резултати кои произлегуваат од неговото работење.

**19. Откритија**

19.1 Се што ќе биде откриено на локација а е од историски или друг интерес или пак од значителна вредност ќе биде во сопственост на Работодавачот. Изведувачот ќе го извести

координаторот на проектот за таквите откритија и ќе постапи со истите во согласност со инструкциите на координаторот на проектот.

**20. Достапност на локацијата**

20.1 Работодавачот ќе обезбеди достапност на локацијата и сите нејзини делови на Изведувачот. Доколку не е дадена достапност на дел од локацијата до денот **утврден во ПУД**, ќе се смета дека Работодавачот го одложил започнувањето на соодветни активности и ова ќе биде Случај за компензација.

**21. Пристап до локацијата**

21.1 Изведувачот ќе му дозволи на координаторот на проектот или кое било лице овластено од координаторот на проектот пристап до локацијата и до кое било место каде што се извршува или ќе се извршува работа во согласност со Договорот.

**22. Инструкции, инспекции и ревизија**

22.1 Изведувачот ќе ги следи сите инструкции на координаторот на проектот кои се во согласност со законите кои се применуваат на местото каде што се наоѓа локацијата.

22.2 Изведувачот треба да води и да вложи разумен напор да ги нaаведе своите подизведувачи и потконсултанти да водат точни и систематски сметки и евиденција во врска со Работите во форма и детали што јасно ќе ги идентификуваат релевантните временски промени и трошоци.

22.3 Изведувачот, како и подизведувачите и под-консултантите ќе и дозволат на Банката и/или лицата назначени од страна на Банката да извршат инспекција на локацијата и/или сметките и записите на Изведувачот и неговите подизведувачи кои се однесуваат на исполнувањето на Договорот и изведбата на работите во Договорот и тие сметки и записи да бидат ревидирани од страна на ревизорите назначени од Банката доколку истото е побарано од страна на Банката. На Изведувачот, подизведувачите и под-консултантите им се посочува под-клаузула 25.1, со која се утврдува дека активностите со кои материјално се оневозможува остварувањето на правото на Банката на инспекција и ревизија утврдено со под-клаузула 22.2 претставуваат забранета пракса која може да резултира во поништувањето на договорот (како и утврдување на непогодност според важечките одредби на Банката за санкционирање).

**23. Назначување на Пресудувач**

23.1 Пресудувачот го именуваат заеднички Работодавачот и Изведувачот кога Работодавачот ќе го издаде Писмото за прифаќање. Доколку во Писмото за прифаќање Работодавачот не се согласи со именувањето на Пресудувачот, Работодавачот ќе побара од Надлежната институција за именување назначена според ПУД да

назначи Пресудувач во рок од 14 дена по добивањето на барањето.

23.2 Доколку Пресудувачот даде оставка или почине или доколку Работодавачот и Изведувачот се согласат дека Пресудувачот не дејствува во согласност со одредбите на Договорот, Работодавачот и Изведувачот ќе назначат нов Пресудувач. Во случај на несогласување помеѓу Работодавачот и Изведувачот, Пресудувачот ќе биде назначен во рок од 30 дена од страна на Надлежната институција за именување **назначена според ПУД** на барање на која било страна во рок од 14 дена по добивањето на барањето.

**24. Процедура за спорови**

24.1 Доколку Изведувачот верува дека одлуката донесена од страна на координаторот на проектот го надминува овластувањето кое координаторот на проектот го има во согласност со Договорот или доколку смета дека одлуката е погрешна, решението ќе биде испратено до Пресудувачот во рок од 14 дена од известувањето за одлуката на координаторот на проектот.

24.2 Пресудувачот ќе даде писмена одлука во рок од 28 дена од добивањето на известување за спор.

24.3 Пресудувачот ќе биде исплатен по час според стапка **прецизирана во ПУД** заедно со дополнителните трошоци **прецизирани во ПУД**, а сумата ќе биде подеднакво поделена помеѓу Работодавачот и Изведувачот, без оглед на одлуката која ќе ја донесе Пресудувачот. Секоја страна може да ја предаде одлуката на Пресудувачот на Арбитер во рок од 28 дена од донесувањето на писмената одлука. Доколку ниту една страна не го предаде спорот на арбитража во рок од споменатите 28 дена, одлуката на Пресудувачот ќе биде финална и обврзувачка.

24.4 Арбитражата ќе биде спроведена во согласност со процедурите за арбитража издадени од страна на именуваната институција на местото прецизирано **во ПУД**.

**25. Практики на корупција и измама**

25.1 Банката бара почитување на нејзината политика во однос на практиките на корупција и измама како што е утврдено во Анекс А од ОУД.

25.2 Работодавачот бара од Изведувачот да ги открие сите провизии или надоместоци кои можеби биле платени или треба да им се платат на агенти или на други страни во однос на процесот на наддавање или извршување на Договорот. Објавените информации мора да го содржат најмалку името и адресата на агентот или на другата страна, износот и валутата и целта на провизијата, наградата или надоместокот.

## Б. Контрола на време

**26. Динамички план**

26.1 Во рамките на времето **прецизирано во ПУД,** после датумот на Писмото за прифаќање, Изведувачот ќе му поднесе за одобрување на координаторот на проектот Динамички план кој ги покажува општите методи, спогодби, ред и временска рамка за сите активности на Работите. Во случај на договор со севкупна цена, активностите од Динамичкиот план ќе бидат усогласени со активностите од Распоредот на активности.

26.2 Ажурираниот Динамички план ќе биде план кој го покажува тековното напредување постигнато за секоја активност и ефектот од напредувањето постигнато во време на преостанатата работа, вклучувајќи какви било измени на редоследот на активностите.

26.3 Изведувачот ќе достави ажуриран Динамички план за интервали не подолги од периодот **прецизиран во ПУД** до координаторот на проектот за одобрување. Доколку Изведувачот не достави ажуриран Динамички план во рамките на тој период, координаторот на проектот може да ја задржи сумата **прецизирана во ПУД** од наредната исплата и да продолжи така да не ја исплаќа таа сума се до следната исплата после денот на кој бил доставен задоцнетиот Динамички план. Во случај на договор со севкупна цена, Изведувачот ќе достави ажуриран распоред на активности во рок од 14 дена од барањето на координаторот на проектот.

26.4 Одобрението на Динамичкиот план на координаторот на проектот нема да ги измени должностите на Изведувачот. Изведувачот може да го ревидира Динамичкиот план и повторно да го поднесе до координаторот на проектот во било кое време. Ревидираниот Динамички план ќе го прикажува влијанието од Измените и Случаите за компензација.

**27. Продолжување на Предвидениот датум на завршување**

27.1 Координаторот на проектот ќе го продолжи Предвидениот датум на завршување доколку се појави Случај за Компензација или е направена Измена која оневозможува Завршувањето да биде постигнато до Предвидениот датум на завршување без Изведувачот да преземе чекори за забрзување на преостанатата работа, со што Изведувачот ќе има дополнителни трошоци.

27.2 Координаторот на проектот ќе одлучи дали и колку да го продолжи Предвидениот датум на завршување во рок од 21 ден, откако Изведувачот ќе побара од координаторот на проектот одлука во врска со влијанието на Случајот за компензација или Измената и после поднесувањето на комплетни пропратни информации. Доколку Изведувачот

не дал навремено предупредување за одложувањето или не соработувал при справување со тоа одложување, одложувањето поради таква грешка нема да се земе во предвид при одредувањето на новиот Предвиден датум на завршување.

**28. Забрзување**

28.1 Кога Работодавачот сака Изведувачот да заврши пред Предвидениот датум на завршување, координаторот на проектот ќе обезбеди предлог цени за постигнување на неопходното забрзување од Изведувачот. Доколку Работодавачот ги прифати тие предлози, Предвидениот датум на завршување ќе биде соодветно усогласен и потврден од страна на Работодавачот и Изведувачот.

28.2 Доколку Работодавачот ги прифати предлог цените на Изведувачот за забрзување, тие ќе бидат инкорпорирани во Цената на Договорот и ќе се сметаат за Измена.

**29. Одложувања побарани од координаторот на проектот**

29.1 Координаторот на проектот може да даде инструкции до Изведувачот за одложување на започнувањето или напредувањето на која била активност од Работите.

**30. Состаноци на раководството**

30.1 Координаторот на проектот или Изведувачот може да побараат еден од друг да присуствуваат на состанокот на раководството. Работата на ваквите состаноци ќе биде да се прегледаат плановите за преостанатата работа и да се решат проблемите кое се појавиле во согласност со процедурата на навремено предупредување.

30.2 Координаторот на проектот ќе води записник од работата на состаноците и ќе обезбеди копии од записникот до оние кои присуствувале на состанокот и до Работодавачот. Должностите за преземање на соодветни дејства ќе бидат делегирани од страна на координаторот на проектот на состанокот на раководството или по состанокот и ќе бидат писмено доставени до сите кои присуствувале на состанокот.

**31. Навремено предупредување**

31.1 Изведувачот ќе го предупреди координаторот на проектот најбрзо што може во врска со настани кои може да се појават или услови кои може негативно да влијаат врз квалитетот на работата, да ја зголемат Цената на Договорот или да го одложат завршувањето на Работите. Координаторот на проектот може да побара од Изведувачот да процени како можат идните настани или услови да влијаат врз Цената на Договорот или Датумот на завршување. Изведувачот треба да ја обезбеди проценката најрано што може.

31.2 Изведувачот ќе соработува со координаторот на проектот во подготовка и разгледување на предлози како да се

избегнат или намалат ефектите од таков случај или околност од страните вклучени во работата и во извршувањето на произлезените инструкции од страна на координаторот на проектот.

## В. Контрола на квалитет

**32. Идентификување на грешки**

32.1 Координаторот на проектот ќе ја провери работата на Изведувачот и ќе го извести Изведувачот во врска со било какви Грешки кои ќе ги открие. Таа проверка нема да има влијание врз обврските на Изведувачот. Координаторот на проектот може да му наложи на Изведувачот да побара одредени Грешки и да ја тестира работата за која координаторот на проектот смета дека има Грешка.

**33. Тестови**

33.1 Доколку координаторот на проектот му наложи на Изведувачот да изврши тест кој не е прецизиран во Спецификацијата за да провери дали одредена работа има Грешка и ако тестот покаже дека има, Изведувачот ќе плати за тестот и примероците. Ако нема Грешка, тестот ќе биде Случај за компензација.

**34. Поправка на грешки**

34.1 Координаторот на проектот ќе го извести Изведувачот за какви било Грешки пред крајот на Периодот за отстранување на грешки, кој започнува во моментот на Завршувањето, а е **дефиниран во ПУД**. Периодот за отстранување на грешките ќе биде продолжен колку што е потребно за да се поправат Грешките.

34.2 Секогаш кога ќе биде дадено известување за Грешка, Изведувачот ќе ја поправи пријавената Грешка во рокот прецизиран во известувањето на координаторот на проектот.

**35. Непоправени грешки**

35.1 Доколку Изведувачот не поправил некоја Грешка во рокот прецизиран во известувањето од координаторот на проектот, координаторот на проектот ќе го процени трошокот за поправање на Грешката, а Изведувачот ќе ја плати таа сума.

## Г. Контрола на трошоци

**36. Цена на Договорот**[28]

36.1 Во случај на договор со предмер-пресметка, Предмерот треба да содржи цени за позициите за Работите кои

---

[28] Во паушалните договори, заменете ги ОУД подклаузулите 36.1 на следниов начин:

36.1 Изведувачот треба да обезбеди Распореди на активностите во рок од 14 дена откако ќе му биде наложено од страна на Директорот на проектот. Распоредот на активности треба да ги содржи цените на активностите за изведување на работите од страна на Изведувачот. Распоредот на активности се користи за следење и контрола на извршувањето на активностите врз основа на кои Изведувачот ќе биде исплатен. Доколку исплатата на материјалите на локацијата

Изведувачот треба да ги изврши. Предмерот се користи за да се пресмета Цената на договорот. На Изведувачот ќе му се исплаќа за количината на работа која ја остварува за секоја позиција од Работите во согласност со Предмерот.

**37. Промени на цената на договорот**[29]

37.1 Доколку крајната количина на работа која е направена се разликува од количината на работата во Предмерот за одредена позиција за повеќе од 25% и измената надминува 1% од Почетната цена на Договорот, координаторот на проектот ќе ја усогласи стапката за да се овозможи измената.Координаторот на проектот нема да ги усогласува стапките од измените во количините доколку Почетната цена на Договорот е надмината за повеќе од 15%, освен со претходно одобрение од Работодавачот.

37.2 На барање на координаторот на проектот Изведувачот ќе му обезбеди детална анализа за трошоците за која било стапка од Предмерот.

**38. Измени**

38.1 Сите Измени ќе бидат вклучени во ажурираните Динамични програми[30] подготвени од Изведувачот.

38.2 Изведувачот ќе достави понуда за извршување на измената кога тоа ќе биде побарано од страна на координаторот на проектот. Координаторот на проектот ќе ја процени понудата, која ќе биде поднесена во рок од седум (7) дена од денот на барањето или во подолг временски период наведен од страна на координаторот на проектот, но пред да се побара спроведување на Измената.

38.3 Доколку понудата на Изведувачот е неразумна, координаторот на проектот може да ја побара измената и да се направи промена на Цената на договорот врз основа на сопствената проценка за влијанието на измената врз трошоците на Изведувачот.

38.4 Доколку координаторот на проектот смета дека итноста на работата ќе го спречи поднесувањето на понуда, за да не дојде до одложување на работата нема да се поднесе

---

се врши одделно, Изведувачот треба да ја покаже испораката на материјали на локацијата одделно во Распоредот на активноста.

[29] Во паушалните договори, сменете ја целосно ОУД клаузулата 37 со новата ОУД потклаузула 37.1 на следниов начин:

37.1 Изведувачот треба да го измени Распоредот на активностите за да ги вметне промените во Програмата или методот за работење по слободна волја на Изведувачот. Цените во Распоредот на активностите не треба да се менуваат кога Изведувачот прави такви промени во Распоредот на активности.

[30] Во паушалните договори, додадете „и Распореди на активности“ по „Програми“

понуда и Измената ќе се смета како Случај за компензација.

38.5 Изведувачот нема право на дополнителна исплата за трошоци кои можело да се избегнат со навремено предупредување

38.6 Во случај на договор со предмер-пресметка доколку работата во Измената одговара на одредена позиција од Предмерот и доколку според мислењето на координаторот на проектот, количината на работа над лимитот наведен во под-клаузула 39.1 или времетраењето за нејзино извршување не предизвикуваат промени на трошоците по единица количина, ќе се користи стапката од Предмерот за пресметување на вредноста на Измената. Ако трошоците по единица количина се менуваат или доколку природата и времетраењето на работата во Измената не кореспондира со позициите од Предмерот, понудата од страна на Изведувачот ќе биде во форма на нови стапки за релевантните позиции. [31]

**39. Пресметка на проток на парични средства**

39.1 Кога Динамичкиот план[32], ќе биде ажуриран, Изведувачот ќе достави до координаторот на проектот ажурирана пресметка за проток на парични средства. Пресметката ќе вклучи различни валути како што е наведено во Договорот, кои доколку е потребно ќе бидат конвертирани користејќи ги девизните курсеви од Договорот.

**40. Потврди за исплата**

40.1 Изведувачот ќе поднесе до координаторот на проектот месечни времени ситуации за проценетата вредност на извршените работи намалени за кумулативната сума утврдена претходно.

40.2 Координаторот на проектот ќе ги провери месечните времени ситуации на Изведувачот и ќе ја потврди сумата која треба да му биде исплатена на Изведувачот.

40.3 Вредноста на извршените работи ќе биде утврдена од страна на координаторот на проектот.

40.4 Вредноста на извршените работи ќе ја опфати вредноста на количините на завршените позиции од Предмерот во случајот на договор со предмер-пресметка; .[33]

---

31 Во паушалните договори избришете го овој параграф.

32 Во паушалните договори, додадете „и Распоред на активности“ по „Програми“

33 Во паушалните договори, сменете го овој параграф со следново: „Вредноста на извршената работа треба да ја содржи вредноста на извршените активности во Распоредот на активности“.

40.5 Вредноста на извршената работа ќе вклучи и вреднување на Измените и Случаите на компензација.

40.6 Координаторот на проектот може да ја исклучи било која позиција утврдена со претходна потврда или да намали дел на било која позиција утврдена со претходна потврда како резултат на понови информации.

**41. Исплати**

41.1 Исплатите ќе бидат усогласени со одбивање на авансното плаќање и задржувањето на средства. Работодавачот ќе му ги исплати на Изведувачот сумите кои се утврдени од страна на Координаторот на проектот во рок од 28 дена од денот на секоја потврда. Доколку Работодавачот направи доцна исплата, на Изведувачот ќе му биде исплатена камата за задоцнета исплата при следната исплата. Каматата ќе биде пресметана од денот на кој требало да биде направена исплатата до денот на кој е направена задоцнетата исплата со прифатената каматна стапка за комерцијални заеми за валутата во која се вршат исплатите.

41.2 Доколку потврдената сума е зголемена во подоцнежна потврда или како резултат на позитивно произнесување од страна на Пресудувачот или Арбитерот, на Изведувачот ќе му биде платена камата на задоцнетото плаќање според утврденото во оваа клаузула. Каматата ќе биде пресметана од денот на кој е утврдена зголемената сума во отсуство на спор.

41.3 Освен ако не е поинаку утврдено, сите исплати и намалувања ќе бидат исплатени или наплатени согласно валутите опфатени во Цената на Договор.

41.4 Позициите од Работите за кои не е дадена стапка или цена нема да бидат платени од Работодавачот и ќе се сметаат за покриени од други стапки и цени од Договорот.

**42. Случаи за компензација**

42.1 Следните ќе бидат Случаи за компензација:

(а) Ако Работодавачот не дава пристап до дел од Локацијата се до Датумот на достапност на локацијата во согласност со под-клаузула 20.1 од ОУД.

(б) Ако Работодавачот го модифицира Распоредот на други изведувачи на начин на кој влијае врз работата на Изведувачот според Договорот.

(в) Ако координаторот на проектот наложи одложување или не ги издаде Цртежите,

Спецификациите или инструкциите кои се потребни за навремено извршување на Работите.

(г) Ако координаторот на проектот му дава инструкции на Изведувачот да изврши дополнителни тестови при работата, за која подоцна ќе се утврди дека е без Грешки.

(д) Ако координаторот на проектот не одобрува подизведување без оправдана причина.

(ѓ) Ако условите на локација се значително полоши отколку што можело да се претпостави пред издавањето на Писмото за прифаќање од информациите дадени до понудувачите (вклучувајќи ги Извештаите за истражување на Локацијата), од јавно достапните информации и од визуелната инспекција на Локацијата.

(е) Ако координаторот на проектот дава инструкции за справување со непредвидени услови предизвикани од Работодавачот или дополнителна работа која е потребна за безбедност или други причини.

(ж) Ако други изведувачи, јавни институции и претпријатија или Работодавачот не работат во рамките на термините и другите ограничувања утврдени во Договорот и тие предизвикуваат одложување или дополнителен трошок за Изведувачот.

(з) Ако авансното плаќање е одложено.

(ѕ) Ако било кои од ризиците на Работодавачот имаат влијание врз Изведувачот

(и) Ако координаторот на проектот без оправдана причина го одложува издавањето на Потврда за завршување.

42.2 Доколку некој Случај на компензација предизвикува дополнителен трошок или го спречува завршување на работата пред Предвидениот датум на завршување, Цената на Договорот ќе биде зголемена и/или Предвидениот датум на завршување ќе биде продолжен. Координаторот на проектот ќе одлучи дали и за колку ќе биде зголемена Цената на Договорот и дали и за колку ќе биде продолжен Предвидениот датум на завршување.

42.3 Веднаш штом од Изведувачот ќе бидат обезбедени информации кои го демонстрираат влијанието на секој

Случај на компензација врз пресметката на трошокот на Изведувачот, тие ќе бидат оценети од координаторот на проектот, а Цената на Договорот ќе биде соодветно усогласена. Доколку пресметката на Изведувачот се смета за неоправдана, координаторот на проектот ќе ја усогласи Цената на Договорот врз основа на своја сопствена пресметка. Координаторот на проектот ќе очекува од Изведувачот да реагира соодветно и навремено при тој случај.

42.4 Изведувачот нема да има право на компензација во случај кога имало негативно влијае врз интересите на Работодавачот бидејќи Изведувачот не дал навремено предупредување или не соработувал со координаторот на проектот.

**43. Данок**

43.1 Координаторот на проектот ќе ја усогласи Цената на Договорот доколку даноците, обврските и другите давачки се променети помеѓу датумот кој е 28 дена пред поднесувањето на понудите за Договорот и датумот на последната потврда за Завршување. Усогласувањето ќе биде измена на сумата на данокот кој треба да биде платен од Изведувачот, доколку таквите измени се уште не се дадени во Цената на Договор, или се резултат на клаузула 44 од ОУД.

**44. Валути**

44.1 Кога ќе бидат правени исплати во валути кои не се валута на државата на Работодавачот **прецизирана во ПУД**, курсевите кои се користени за пресметување на сумите кои треба да се платат ќе бидат курсевите утврдени во Понудата на Изведувачот.

**45. Усогласување на цена**

45.1 Цените ќе бидат усогласени за флуктуации на трошокот само ако тоа е **предвидено во ПУД**. Доколку е така, сумите потврдени во секоја потврда за исплата, пред одбивањето за Авансно плаќање ќе бидат усогласени преку примена на соодветен фактор за усогласување на цени врз сумите за исплата во секоја валута. Соодветна формула дадена подолу се применува врз секоја валута на Договор:

$$P_c = A_c + B_c \ Imc/Ioc$$

каде:

Pc е факторот на усогласување за делот од Цената на Договор платлива во специфичната валута “c.”

Ac и Bc се коефициенти[34] **прецизирани во ПУД**, претставувајќи ги неусогласливите и усогласливите делови, соодветно, од Цената на Договорот исплатлива во специфичната валута "c;" и

Im е индексот кој преовладува на крајот од месецот за кој се фактурира, а Io е индексот кој преовладува 28 дена пред отворањето на понудите; двата во специфичната валута "c."

45.2 Доколку вредноста на индексот се измени откако била употребена во пресметка, пресметката ќе биде поправена и ќе биде направено усогласување во следната потврда за исплата. Вредноста на индексот ќе се смета дека ги има земено предвид сите измени на трошоци како резултат на флуктуации во трошоците.

**46. Задржување на средства**

46.1 Работодавачот ќе го задржи од секоја исплата доспеана до Изведувачот процентот **прецизиран во ПУД** се до завршувањето на Работите

46.2 По издавањето на сертификатот за завршување на работите од страна на координаторот на проектот во согласност со ОУД 51.1, половина од целосната сума која е задржана повторно ќе се исплати на Изведувачот, а половина кога ќе помине Периодот на отстранување на грешките и кога координаторот на проектот ќе потврди дека сите Грешки кои ги пријавил до Изведувачот пред завршувањето на периодот се поправени. Изведувачот може да ги замени парите кои треба да се задржат со соодветна банкарска гаранција.

**47. Утврдена оштета**

47.1 Изведувачот ќе му исплати утврдена оштета на Работодавачот според дневна стапка **прецизирана во ПУД** за секој ден кога датумот на Завршување го надминува Предвидениот датум за завршување. Вкупната сума на утврдена оштета нема да ја надмине сумата **дефинирана во ПУД.** Работодавачот може да ја одбие утврдената оштета од исплатите кои се доспеани до Изведувачот. Исплатите на утврдената оштета нема да имаат влијание врз обврските на Изведувачот.

---

[34] *Збирот на двата коефициенти Ac и Bc треба да биде 1 (еден) во формулата за секоја валута. Обата коефициенти ќе бидат исти во формулите за сите валути, бидејќи коефициентот A, за непроменливиот дел од плаќањата е премногу приближна бројка (обично 0,15) за да се води сметка за фиксниот трошок или другите непроменливи компоненти. Збирот на прилагодувањата за секоја валута се додава на Цената на договорот.*

47.2 Доколку Предвидениот датум на завршување е продолжен откако била исплатена утврдената оштета, координаторот на проектот ќе коригира било какво натплатување на оштета од Изведувачот усогласувајќи ја следната потврда за исплата. На Изведувачот ќе му биде платена камата за натплатувањето, пресметана од денот на исплата до денот на повторна исплата, според стапките утврдени во под-клаузула 41.1 од ОУД.

**48. Бонус**

48.1 На Изведувачот ќе му биде платен Бонус пресметан според стапката по календарски ден **прецизирана во ПУД** за секој ден (минус деновите за кои Изведувачот е платен за забрзување) за кој настапило Завршување на работите пред Предвидениот датум на завршување. Координаторот на проектот ќе потврди дека Работите се завршени, иако тие не било предвидено да бидат завршени дотогаш.

**49. Авансно плаќање**

49.1 Работодавачот ќе направи авансно плаќање до Изведувачот на сумите **утврдени во ПУД** до денот утврден во ПУД, откако Изведувачот ќе обезбеди безусловна банкарска гаранција во форма и од банка прифатлива за Работодавачот за сумите и валутите еднакви на авансното плаќање. Гаранцијата ќе биде ефективна се додека не се отплати авансната исплата, но сумата на Гаранцијата соодветно ќе се намалува за сумите кои се платени од Изведувачот. За авансното плаќање нема да се наплатува камата.

49.2 Изведувачот ќе ја употреби авансната исплата само за плаќање на Опрема, Постројки, Материјали и трошоци за мобилизирање кои се потребни единствено за извршување на Договорот. Изведувачот ќе демонстрира дека авансната исплата е употребена на овој начин со тоа што ќе обезбеди копии на фактури или други документи до координаторот на проектот.

49.3 Авансната исплата ќе биде вратена преку одбивање на соодветни пропорционални суми од исплатите кои се доспеани до Изведувачот, следејќи го распоредот на завршени проценти од Работите според исплата. Нема да се зема во предвид авансно плаќање или неговото враќање при одредување на вредноста на завршената работа, Измените, усогласувањето на цени, Случаите на компензација, Бонуси, или Утврдени оштети.

**50. Гаранции**

50.1 Гаранцијата за извршување на договорот ќе биде обезбедена до Работодавачот не подоцна од денот прецизиран во Писмото за прифаќање и ќе биде издадена во сумата **прецизирана во ПУД** од банката или жирантот прифатливи за Работодавачот и деноминирани во видовите и пропорциите на валути во

кои може да се плати Цената на Договорот. Гаранцијата за извршување на договорот ќе биде валидна до 28 дена од денот на издавање на Потврдата за завршување во случај на Банкарска гаранција и до една година од денот на издавање на Потврда за завршување во случај на Обврзница за извршување на договорот.

**51. Дневна работа**

51.1 Доколку е возможно, стапките за Дневна работа од Понудата на Изведувачот ќе се користат за мали дополнителни суми на работа само ако координаторот на проектот дал претходни писмени инструкции за дополнителна работа која треба да се плати на тој начин.

51.2 Целата работа која ќе биде платена како Дневна работа ќе биде запишана од Изведувачот во формулари одобрени од координаторот на проектот. Секој пополнет формулар ќе биде верификуван и потпишан од координаторот на проектот во рок од два дена откако се заврши работата.

51.3 Изведувачот ќе биде исплатен за Дневната работа откако ќе обезбеди потпишани формулари за Дневна работа.

**52. Трошоци за поправки**

52.1 Загуба или оштета на Работите или Материјалите кои ќе бидат инкорпорирани во Работите помеѓу Денот на започнување и крајот на Периодот за поправање на грешки ќе бидат поправени од страна на Изведувачот на негов трошок, доколку загубата, или оштетата се резултат на дејства или пропусти на Изведувачот.

## Д. Завршување на Договорот

**53. Завршување**

53.1 Изведувачот ќе побара од координаторот на проектот да издаде потврда за Завршување на Работите, а координаторот на проектот ќе го направи тоа откако ќе одлучи дека целосната работа е завршена.

**54. Преземање**

54.1 Работодавачот ќе ги преземе Локацијата и Работите во рок од седум дена откако координаторот на проектот ќе издаде потврда за Завршување.

**55. Финална сметка**

55.1 Изведувачот ќе обезбеди до координаторот на проектот детална сметка за вкупната сума која Изведувачот ја смета за платлива според Договорот пред завршувањето на Периодот за отстранување грешки. Координаторот на проектот ќе издаде Потврда за отстранети грешки и ќе го потврди кое било крајно плаќање кое е доспеано до Изведувачот во рок од 56 дена од примањето на сметката на Изведувачот ако е коректна и завршена. Доколку не е, координаторот на проектот во рок од 56 дена ќе издаде распоред кој го прикажува обемот на

поправки или дополнувања кои се неопходни. Доколку Финалната сметка е се уште незадоволителна откако била повторно поднесена, координаторот на проектот ќе одлучи во врска со сумата која треба да му се исплати на Изведувачот и ќе издаде потврда за исплата.

**56. Прирачници за работа и одржување**

56.1 Доколку се потребни цртежи на изведена состојба и/или оперативни и прирачници за одржување, Изведувачот ќе ги обезбеди истите до денот **утврден во ПУД**.

56.2 Доколку Изведувачот не ги обезбеди цртежите и/или прирачниците до денот **утврден во ПУД** според ОУД потклаузулата 56.1 или тие не се одобрени од страна на координаторот на проектот, координаторот на проектот ќе ги задржи сумите **утврдени во ПУД** од исплатите доспеани до Изведувачот.

**57. Прекинување**

57.1 Работодавачот или Изведувачот може да го прекинат Договорот доколку другата страна врши фундаметално прекршување на Договорот.

57.2 Фундаметални прекршувања на Договорот ќе вклучат, но нема да се ограничат на следното

(а) Изведувачот ја сопрел работата во период од 28 дена кога стопирање на работата не е прикажано во тековниот Динамички план и истото не е овластено од координаторот на проектот;

(б) Координаторот на проектот му дал инструкција на Изведувачот за одложување на напредувањето на Работите и инструкцијата не е повлечена во рок од 28 дена;

(в) Работодавачот или Изведувачот банкротирале или одат во ликвидација која не е поврзана со реорганизација или интеграција;

(г) исплата потврдена од координаторот на проектот не е исплатена од Работодавачот до Изведувачот во рок од 84 дена од денот на потврдата на координаторот на проектот;

(д) координаторот на проектот дава Известување дека неуспевањето да се поправи одредена Грешка е фундаметално прекршување на Договор и Изведувачот не успева да ја поправи во разумен временски рок определен од координаторот на проектот;

(ѓ) Изведувачот ја нема потребната Гаранција;

(е) Изведувачот го одложил завршувањето на Работите за бројот на денови за кои може да биде исплатена максимална сума на утврдена штета, според **дефинираното во ПУД**; или

(ж) доколку Изведувачот, според Работодавачот е вмешан во коруптивни или криминални активности при конкурирањето или при извршувањето на Договорот, потоа Клиентот може да му даде четиринаесет (14) дена од писменото известување до Изведувачот, за да го прекине договорот и да го избрка од локацијата.

57.3 Кога која било страна од Договорот даде известување до координаторот на проектот за прекршување на Договорот поради причина која не е наведена во под-клаузула 56.2 од ОУД координаторот на проектот ќе одлучи дали прекршувањето е фундаметално или не.

57.4 Без оглед на горенаведеното Работодавачот може да го прекине Договорот по сопствена одлука.

57.5 Доколку Договорот е прекинат, Изведувачот веднаш ќе запре со работата, ќе ја обезбеди Локацијата и истата ќе ја напушти најбрзо што може.

**58. Исплата по прекинување на работен однос**

58.1 Доколку Договорот е прекинат заради фундаментално прекршување на договорот од страна на Изведувачот, Координаторот на проектот треба да издаде потврда за вредноста на извршената работа и нарачаните материјали, минус авансните плаќања добиени до датумот на потврдата и минус процент што се применува на вредноста на работата што не е завршена, како што е **прецизирано во ПУД**. Дополнителните ликвидирани штети не треба да се применуваат. Доколку вкупниот износ што му се должи на Работодавачот надминува некоја исплата која му се должи на Изведувачот, разликата треба да биде долгот што треба да му се плати на Работодавачот.

58.2 Договорот е прекинат заради погодност на Работодавачот или поради фундаментален прекршок на Договорот од страна на Работодавачот, Координаторот на проектот треба да издаеде потврда за вредноста на извршената работа, нарачаните материјали, разумниот трошок за отстранување на опремата, репатријација на персоналот на Изведувачот вработен исклучиво во Работите и трошоците на Изведувачот за заштита и обезбедување на Работите, и

минус авансните плаќања добиени до датумот на потврдата.

**59. Сопственост**

59.1 Сите Материјали на Локација, Постројките, Опремата, Подготвителните работи и Работите ќе се сметаат за сопственост на Работодавачот доколку Договорот е прекинат поради пропуст на Изведувачот.

**60. Ослободување од извршување на договорот**

60.1 Доколку Договорот е прекинат поради избувнување на војна или некој друг случај кој е комплетно надвор од контрола на Работодавачот или Изведувачот, координаторот на проектот ќе потврди дека Договорот бил прекинат. Изведувачот ќе ја направи Локацијата безбедна и ќе ја сопре работата после добивањето на таквата потврда и ќе биде исплатен за целата работа извршена пред добивањето на потврдата и за која било работа извршена после за која што бил обврзан.

**61. Суспендирање на заем или кредит**

61.1 Во случај Банката да го суспендира Заемот или Кредитот на Работодавачот, од кој е направен дел од исплатите за Изведувачот

(а) Работодавачот е должен да го извести Изведувачот за таквата суспензија во рок од 7 дена од добивањето на известување за суспензијата од банката.

(б) Доколку Изведувачот не добие доспеани суми во рок од 28 дена за исплата според под-клаузула 40.1, Изведувачот може веднаш да издаде известување за прекинување со рок од 14 дена.

# АНЕКС А

# НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ
# Политика на Банката – Практики на измама и корупција

***(текстот во овој Анекс не треба да се менува)***

**Упатство за набавка на стоки, работи и неконсултантски услуги во рамки на IBRD заеми и IDA кредити и грантови од страна на Заемопримачи на Светска Банка од јануари 2011 година:**

“**Измама и корупција:**

1.16 Политиката на банката бара од Заемопримачите (вклучувајќи ги корисниците на заеми од Банката), како и од понудувачите, набавувачите, изведувачите и нивните агенти (доколку се наведени или не), подизведувачите, консултантите, вршителите на услуги или добавувачите како и останатиот персонал да ги следат највисоките етички стандарди во текот на набавката и извршувањето на договори финансирани од Банката[35]. Во поглед на оваа политика, Банката:

(а) ги дефинира, за целите на овие одредби, термините дадени подолу:

(i) „практика на корупција“ се однесува на понудување, примање или барање, директно или индиректно на каква било работа од вредност за да се влијае врз работата на друга страна;[36]

(ii) „практика на измама” се однесува на погрешно претставување или испуштање на факти со кое целно или не се наведува странаta да верува дека ќе има финансиска или друг вид на добивка или дека може да го избегне извршувањето на обврската;[37]

(iii) „тајна практика” се однесува спогодба помеѓу две или повеќе страни, креирана за постигнување на несоодветна цел,

---

[35] Во овој контекст, какви било активности со кои се сака да се постигне неадекватна предност при постапката за набавка или извршувањето на договорот се сметаат за несоодветни.

[36] За целта на овој параграф *„Друга страна“* се однесува на јавно службено лице вклучено во постапката за набавка или извршувањето на договорот. Во овој контекст, *„јавно службено лице“* вклучува вработени лица во Светска банка и вработените во други организации кои се дел од носење или разгледување на одлуки за набавки.

[37] За целта на овој параграф „Страна“ се однесува на јавно службено лице; термините: „обивка“ и „обврска“ се однесуваат на постапката за набавка или извршувањето на договорот; и „погрешно претставување или пропуст“ има за цел да влијае врз постапката за набавка или извршувањето на договорот.

включувајќи и несоодветно влијание врз дејствата на другата страна;[38]

(iv) „принудна практика" се однесува на повреда или закана со повреда, директно или индиректно, на лица или нивна сопственост за да се изврши несоодветно влијание врз дејствата на тие страни;[39]

(v) „опструктивна практика" се однесува на:

(аа) намерно уништување, фалсификување, измена или прикривање на докази коишто се важни за истрагата или давање лажни изјави пред органите на истрагата со цел материјално попречување на истражувањето на Банката за утврдување на наводите за извршена корупција, измама, присила или тајна соработка; и/или закана, малтретирање или заплашување на било која страна со цел да се попречи обелоденувањето на сознанија за прашања релевантни за истрагата или за водењето на истрагата; или

(бб) дела наменети за материјално попречување за значително да се попречи остварувањето на правото на Банката на инспекција и ревизија во согласност со параграфот 1.16 (е) во понатамошниот текст.

(б) ќе одбие предлог за доделување доколку се утврди дека Понудувачот кој е предложен за доделување, или било кој од неговиот персонал, претставници, или неговите подизведувачи, консултанти, вршители на услуги, добавувачи и/или нивните работници директно или преку посредник е вмешан во постапка на корупција, измама, тајна, принудна или опструктивна постапка при конкурирање за Договор;

(в) ќе ја поништи постапката на набавка и ќе откаже дел од заемот алоциран за одреден договор ако утврди дека претставниците на Заемопримачот или корисникот на заемот се вмешани во постапка на корупција, измама, тајна или принудна постапка во текот на набавката или извршувањето на тој договор, без Заемопримачот да преземе навремени и соодветни дејства задоволителни за Банката за да ги поправи овие ситуации при нивното настанување, вклучувајќи и ненавремено информирање на Банката во моментот кога дознале за таквите практики;

[38] За целта на овој параграф, „Страни" се однесува на учесници во постапката за набавка (вклучувајќи ги и јавните службеници) кои се обидуваат сами или преку трето лице или субјект кој не учествува во процесот на набавката да ја поттикнат конкуренцијата или да ги воспостават цените на понудите на вештачко, неконкурентно ниво, или се запознаени со меѓусебните цени и останатите услови од понудите.

[39] За целта на овој потпараграф „Страна" се однесува на учесник во постапката за набавка или во извршувањето на договорот.

(г) ќе санкционира фирма или поединец, во согласност со преовладувачките процедури за санкционирање на Банката[40], јавно прогласувајќи ја таа фирма или поединец за неквалификувани на неодредено или одредено време: (i) за доделување на договор финансиран од Банката, и (ii) за да биде номинирана[41];

(д) ќе има право да побара вклучување на клаузула во тендерската документација и во договорите финансирани со заем од Банката со која понудувачите, набавувачите и изведувачите и нивните подизведувачи, агенти, вработен персонал, консултанти, вршители на услуги или добавувачи ќе и дозволат на Банката да ги прегледа нивните сметки и записи и други документи поврзани со поднесувањето на понуди и учинок на договорот и да ги даде истите на ревизија кај ревизори назначени од Банката.“

[40] Една фирма или поединец може да бидат прогласени за неквалификувани за да им биде доделен договор финансиран од Банката после: (i) извршувањето на процедурите на Банката во согласност со процедурите за санкционирање доколку меѓу другото има: заедничко исклучување договорено со останати Меѓународни финансиски институции, вклучувајќи и Мултилатерални банки за развој; и преку спроведување на постапките за административи санкции во постапките за јавна набавка на групацијата на Светска банка за измама и корупција и (ii) како резултат на привремена суспензија или рана привремена суспензија во врска со тековни санкциони постапки. Види фуснота 14 и параграф 8 од Анекс 1 на овие Упатства.

[41] Назначен подизведувач, консултант, производителот или добавувачот или вршител на услуги (различни имиња се користат во зависност од тендерската документација) е оној кој е: (i) вклучен од страна на Понудувачот во претквалификационото аплицирање или понуда зашто има клучно искуство и знаење кои се земаат во предвид при оценувањето на претквалификационото аплицирање или понудата; или (ii) назначен од страна на Заемопримачот.

# Анекс Б

# Аспекти на животната средина, социјални аспекти, здравје и безбедност (ЖССАЗБ)

# Метрика за извештаите за напредок

За известување и метрика, ве молиме користете го Список за проверка на планот за управување со животна средина и социјални аспекти.

# Дел IX. Посебни услови од договорот

| А. Општо | |
|---|---|
| **ОУД 1.1 (d)** | Финансиската институција е: Европската унија |
| **ОУД 1.1 (s)** | Работодавач е: **Кабинетот на Заменик Претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори и Општина Карпош** |
| **ОУД 1.1 (v)** | Предвидениот датум на завршување за целосните работи треба да биде:<br><br>6 (шест) месеци по потпишување на Договорот. |
| **ОУД 1.1 (y)** | Менаџер на проектот е: г-дин Вангел Караиванов дипл. инж. арх, Виш соработник во сектор Урбанизам во Општина Карпош. |
| **ОУД 1.1 (аа)** | Локацијата се наоѓа во:<br><br>**Општина Карпош** и е дефинирана во Основниот Проект, даден во прилог. |
| **ОУД 1.1 (dd)** | Датумот на започнување треба да биде 5 (пет) дена од денот на потпишување на овој Договор. |
| **ОУД 1.1 (hh)** | Работите се состојат од: (краток опис на работите)<br><br>Со проектот се планира да се изврши целосна реконструкција на детско игралиште, реконструкција на скејт парк и негово проширување, изградба на игралиште за одбојка на песок, фудбал на песок и адреналински парк за деца и возрасни со парк за рекреација-хортикултурно уреден, со најсовремена урбана опрема. Целиот простор ќе биде озеленет и ќе се засадат нови дрвца и грмушести растенија, ќе се постават дрвени куќички за продожба на безалкохолни пијалоци и сувенири. Со тоа целата содржина ќе се заокружи во еден современ спортки адреналински центар, што ќе даде уникатност и препознатливост на Општина Карпош.<br><br>Реконструкцијата на детското игралиште со површина од 480м2 опфаќа отстранување на старите реквизити, а на новата локација ќе се постават нови. Еден централен голем реквизит со висока централна кула, четири лулашки поставени во круг, две клацкалки и две лизгалки . Реквизитите предвидено е да се изработени од дрвени греди за надворешна употреба, дрвени талпи за надворешна употреба, ланци, вртливи елементи, челични елементи од цевка Ѳ 32, полиестер, ПВЦ платно за покривање на кулите, челични потпуни за конструкцијата . Подлогата ќе биде од ситна ризла околу реквизитите и мека подлога на самите реквизити како би се заштитиле децата од удари при пад. |

| | |
|---|---|
| | Реконструкција на скејт паркот и негово проширување со површина од 1100 м2. Опфаќа реновирање на еден голем "базен" од кој ке биде симнат сиот лабилен бетонски слој и ке биде нанесена нова површина од бетонски мазен премаз. Додека пак вториот „базен " ке биде потрупан со соответна набиена подлога заради потребата од простор за „Фудбалот на песок ". Елементите ке бидат изработени од водоотпорна ламелирана темна иверица од минимум 18 мм покриена со композит од 6 мм . Заоблените елементи ке се од водоотпорна ламелирана темна иверица од мин 9 мм покриена со композит од 6 мм .Сите други иверици што ке се користат исто така ке бидат ламелирани. Страничните иверки ке го имаат истиот горенаведен состав и вентилациски систем ( отвори ) за слободна циркулација на воздух. Сите рабови на елементите и оградите ке се изработени од поцинковано железо. Безбедносните огради ке се изработени од поцинкован челик.<br><br>Поставување на ново игралиште за одбојка на песок со димензии 8м/16м. , Ќе бидат поставени клупи за играчи и мрежа по стандардите за игра како и седиште за судија по линија на мрежата. Веднаш до игралиштето - надвор од теренот на едната страна ќе бидат поставени трибини во четри реда во должина на самото игралиште. Песокот ке биде поставен на дренажна ПВЦ фолија заради циркулација на фода и воздух во долните слоеви на теренот .Целото игралиште ќе биде оградено со цел безбедност на лицата кои ги користат останатите содржини .<br><br>Поставување на ново игралиште за фудбал на песок со димензии 39м /35.5м, како и заштитна ограда со клупи за играчи и две рамки за гол со заштитни мрежи и зад нив мрежи со висина од 6 метри за заштита од одлетување на топката. Веднаш до игралиштето - надвор од теренот на едната страна ќе бидат поставени трибини во четири реда во должина на самото игралиште. Предвидени се и 10 знамиња со ленти за обележување на теренот . Исто како и кај одбојката и овдека песокот ке биде поставен на дренажна ПВЦ фолија.<br><br>Изградба на High Rope Adventure за деца и возрасни со површина од околу 1500 м2 кој претставува циклус во еден правец од различни препреки (одење по сајли, јаже, буриња, летви, тунел и сл.) Во овој дел секој елемент треба да биде изработен според стандарди на EN 15 567 и затоа е разработен во посебен проект „Анекс 1" кој оди во прилог со целиот Адреналиски Парк.<br><br>Хортикултурното уредување на целиот простор и поставување на урбана опрема е замислено да се направи на начин не да се наметнува на природата, туку напротив да биде дел од нејзе со разиграни флексибилни реквизити за релаксација поставени (расфрлани) по теренот. На нив ќе може да се седи и лежи како во група така и поединечно. Вкупно ќе бидат поставени 58 клупи, 4 лежалки со светилки на сончеви панели и 23 корпи за отпадоци. Вкупната површина од 3.300 м2 ќе се озелени, ќе се засадат дрва, и грмушкасти |

| | |
|---|---|
| | растенија кои ке бидат оддрчувани со автоматски системот на полевање.<br><br>Изградба на мал Square со фонтана за пиење вода обложена со гранитни плочи ,како и со клупи, корпи за отпадоци и локери за велосипеди. Платото ке биде со бетонски плочи на песок за нивелирање и набиен танпон и тло. Паркот се наоѓа помеѓу скејт паркот и терените за фудбал и одбојкаи има функција за одмор после спортски активности како и за конзумирање на вода од фонтаната. |
| **ОУД 1.1 (ii)** | Следното е додадено како ОУД 1.1. (ii)<br><br>„ЖССАЗБ" се однесува на аспектите на животната средина, социјалните аспекти (вклучувајќи сексуално искористување и злоупотреба (СИЗ) родово базирано насилство (РБН)), здравјето и безбедност. |
| **ОУД 2.2** | Завршување по сегменти: **Нема примена** |
| **ОУД 2.3(i)** | Следните документи се исто така дел од Договорот:<br><br>(i) Стратегии за управување и планови за спроведување на ЖССАЗБ<br>(ii) Кодекс на однесување (ЖССАЗБ).<br><br>(iii) Договор за заедничко здружување (доколку има) |
| **ОУД 3.1** | Јазикот на договорот е Македонски.<br><br>Законот според кој се раководи Договорот е законот на Република Северна Македонија. |
| **ОУД 5.1** | Координаторот на проектот **не може** да ги делегира своите обврски и одговорности. |
| **ОУД 8.1** | Распоред на други изведувачи: **Нема примена** |
| **ОУД 9.1** | **Клучен персонал**<br>ОУД 9.1 се заменети со следново:<br><br>9.1 Клучниот персонал се кадрите на Изведувачот именуван во овој ОУД 9.1 од Посебните услови на договорот. Изведувачот треба да вработи главен персонал и да ја користи опремата идентификувана во својата Понуда, да ги извршува Работите и Координаторот на проектот да одобрува друг персонал или опрема. Координаторот на проектот треда да ја одобри секоја предложена замена на главниот персонал и опрема само ако нивните релевантни квалификации и карактеристки се суштински еднакви или подобри од тие што се предложени во понудата. |

| | |
|---|---|
| | [внесете го името/имињата на секој член од главниот персонал одобрен од Работодавачот пред потпишување на Договорот.] |
| **ОУД 9.2** | **Кодекс на однесување (ЖССАЗБ)**<br><br>Следното е внесено на крајот од ОУД 9.2:<br><br>„Причините за отстранување на лице вклучуваат однесување кое го прекршува Кодексот на однесување (ЖССАЗБ) (пр. ширење на преносливи болести, сексуално вознемирување, родово базирано насилство (РБН), сексуално искористување или злоупотреба, незаконска активност или криминал).“ |
| **ОУД 13.1** | Минималните вредности за осигурување и одбитоци треба да бидат:<br><br>(а) за загуба или оштетување на Работите, постројките и материјалите: **не помалку од вкупната вредност на договорот**.<br><br>(б) за загуба или оштетување на опремата: **доволен износ за да се покријат трошоците за оштетена опрема**.<br><br>(в) за загуба или оштетување на сопственоста (освен за Работите, постројките, материјалите и опремата) во врска со Договорот **6.000.000 денари**.<br><br>(г) за лична повреда или смрт:<br><br>(i) на вработени на Изведувачот: **1.500.000 денари**.<br><br>(ii) на други лица: **1.500.000 денари**.<br><br>без ограничување на бројот на појави |
| **ОУД 14.1** | Податоци од локацијата се: технички извештаи, технички услови, цртежи, предмер. |
| **ОУД 16.1 (додадете нови 16.2)** | **Стратегии за управување и планови за спроведување на ЖССАЗБ**<br><br>Следното е внесено како нова потклаузула 16.2:<br><br>“**16.2** Изведувачот не смее да врши Работи, вклучувајќи мобилизација и/или активности пред изградбата (пр. ограничена дозвола за тешки товарни возила, достапност до локацијата, геотехнички истражувања или истражувања за да се изберат карактеристики како што се каменоломи и позајмишта), освен ако Координаторот на проектот е задоволен со соодветните мерки кои што постојат за да се решаваат еколошките, социјалните, здравствените и безбедносните ризици и влијанија. Изведувачот, како минимум, треба да ги применува Стратегиите за управување и Плановите за спроведување и Кодексот на однесување, доставени како дел од Понудата и одобрени како дел од Договорот. Изведувачот треба, на постојана основа, да поднесува за претходно одобрување од Координаторот на проектот, стратегии за управување и планови за спроведување кои се неопходни |

| | |
|---|---|
| | за управување со ризиците и влјанијата на ЖССАЗБ за тековните работи. Овие стратегии за управување и планови за спроведување колективно го сочинуваат Планот за управување со животната средина и социјалните аспекти на Изведувачот (И-ПУЖССА). И-ПУЖССА ќе биде одобрен пред започнување на градежните активности (пр. ископувања, земјени работи, работи на мостови и структури, пренасочувањето на реки и патишта, вадење камен или екстрација на материјали, производство на бетон и асфалт. Одобрениот И-ПУЖССА треба да се прегледува периодично, (но не помалку од секои шест (6) месеци) и да се ажурира навремено, како што се бара, од страна на Изведувачот за да се потврди дека содржи соодветни мерки за активностите што треба да се преземат. Ажурираниот И-ПУЖССА треба да биде предмет на претходно одобрување од страна на Координаторот на проектот. |
| **ОУД 20.1** | Датумот/ите за воведување во работа на локацијата треба да биде/ат: 3 недели од датумот на потпишување на Договорот |
| **ОУД 23.1 &<br>ОУД 23.2** | Надлежна власт за именување на Пресудувач: **Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Северна Македонија** |
| **ОУД 24.3** | Надомест по час и видови дополнителни трошоци што ќе му се исплатат на Пресудувачот: **1.500 денари нето** |
| **ОУД 24.4** | Институција чии што процедури за арбитража ќе треба да се користат: **Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Северна Македонија**<br><br>решавање спорови за права со кои странките можат слободно да располагаат и за кои со закон не е пропишана исклучива надлежност на судовите на Република Северна Македонија, доколку странките ја договорат нејзината надлежност.<br><br>Местото на арбитража треба да биде: Скопје, Република Северна Македонија. |
| **Б. Контрола на време** | |
| **ОУД 26.1** | Изведувачот треба да поднесе План за работите за одобрување во период од 28 дена од датумот на Писмото за прифаќање. |
| **ОУД 26.2** | **Известување за ЖССАЗБ**<br><br>Внесено на крајот од ОУД 26.2<br><br>„Покрај Извештајот за напредок, Изведувачот треба да достави и извештај за метриката за Животната средина, социјалните аспекти, здравјето и безбедноста (ЖССАЗБ) утврдени во Анекс Б. Покрај |

| | |
|---|---|
| | извештаите во Анекс Б, Изведувачот треба да достави и итно известување до координатор на проектот за инциденти во следните категории. Целосните детали за таквите инциденти треба да се доставаат до координатор на проект во временска рамка договорена со координатор на проектот.<br>(а) потврдено или веројатно прекршување на кој било закон или меѓународен договор;<br>(б) секаква несреќа или сериозна повреда (изгубено време);<br>(в) значителни несакани ефекти или оштетувања на приватната сопственост (пр. сообраќајна незгода, оштетување од одрони, работење надвор од границата)<br>(г) големо загадување на водата за пиење или отштетување или уништување на ретко или загрозено живеалиште (вклучувајќи ги и заштитените подрачја) или видови; или<br>(д) секое наведување за родово базирано насилство (РБН), сексуално искористување или злоупотреба, сексуално вознемирување или непристојно однесување, силување, сексуален напад, злоупотреба или осквернување на деца или други прекршоци кои вклучуваат деца. |
| **ОУД 26.3** | Периодот помеѓу ажурирањата на Планот е 14 дена.<br>Износот кој може да се задржи во случај на задоцнето доставување на ажурираниот план е 200.000 денари. |
| **В. Контрола на квалитет** | |
| **ОУД 34.1** | Периодот за отстранување на грешки е: 365 дена. |
| **Г. Контрола на трошоци** | |
| **ОУД 38.2** | На крајот од 38.2 по првата реченица додадете:<br>„Изведувачот треба да достави информации за сите ризици и влијанија од Варијацијата на ЖССАЗБ.“ |
| **ОУД 40** | Додадете нови ОУД 40.7:<br>“40.7 Ако Изведувачот не извршил или нема да изврши обврски или работи од ЖССАЗБ според Договорот, вредноста на таа работа или обврска, како што е определено од страна на координаторот на проектот, може да биде задржана додека не се изврши работата или обврската, и/или трошоците за корекција или замена, определни од страна на координаторот на проектот, можат да бидат задржани додека не се изврши корекцијата или замената. Не извршувањето вклучува, но не е ограничено на следново: |

| | |
|---|---|
| | (i) неисполнување на обврски или работа за ЖССАЗБ опишани во Барањата за работи кои можат да вклучат: работење надвор од границите на локацијата, прекумерна прашина, неодржување на јавните патишта во безбедна употребна состојба за, оштетување на вегетацијата надвор од локацијата, загадување на водотеци со масла или седиментација, контаминација на земјиштето пр. со масла, отпад создаден од луѓе, оштетување на археолошкото или културното наследство, загадување на воздухот како резултат на неовластено и/или неефикасно согорување;<br>(ii) неуспех редовно да се прегледа И-ПУЖССА и/или навремено да се ажурира за да се решаваат настанатите проблеми со ЖССАЗБ или предвидените ризици или влијанија;<br>(iii) неспроведување на И-ПУЖССА пр. необезбедување на потребни обуки или сензибилизација;<br>(iv) необезбедување соодветни согласности/дозволи пред преземање на Работите или придружните активности;<br>(v) недоставување извештај/извештаи за ЖССАЗБ (како што е опишано во Анекс В) или ненавремено доставување на тие извештаи;<br>(vi) неспроведување мерки за ремедијација според инструкциите на Инженерот во определениот временски период (пр. ремедијација за решавање на неусогласност/и) |
| **ОУД 44.1** | Валутата на државата на Работодавачот е: **македонски денар**. |
| **ОУД 45.1** | Договорот не е предмет на усогласување на цените во согласност со ОУД клаузула 45 и не се применуваат следните информации во однос на коефицентите. |
| **ОУД 46.1** | Процентот на исплатите што се задржуваат е: 10% |
| **ОУД 47.1** | Ликвидираните штети за севкупните Работи се 0,1% на ден. Максималниот износ на ликвидирани штети за севкупните Работи е 5% од финалната цена на Договорот. |
| **ОУД 49.1** | Авансното плаќање треба да биде: **Нема примена** |
| **ОУД 50.1** | Гаранцијата за извршување на договорот за Аспектите на животната средина, социјалните аспекти, здравјето и безбедноста (ЖССАЗБ) **треба** да биде доставена на Работодавачот. |

| | |
|---|---|
| | Гаранцијата за извршување на договорот треба да биде издадена од банка или гаранција прифатлива за Работодавецот и деноминирана во видовите и соодносите на валутите во кои се плаќа цената на Договорот. Гаранцијата за извршување на договорот за ЖССАЗБ треба да ја издаде банка што е прифатлива за Работодавачот и деноминирана во видовите и соодносите на валутите во кои се плаќа цената на Договорот.<br><br>Гаранцијата за извршување на договорот и, доколку е применливо, Гаранцијата за извршување на договорот за ЖССАЗБ, треба да биде валидна до 28 дена од денот на издавање на Потврдата за извршување во случај на Банкарска гаранција и до една година од датумот на издавање на Потврдата за извршување во случај на Обврзница за извршување на договорот. |
| **ОУД 50.1** | Износот на Гаранцијата за извршување на договорот е:<br><br>(а) Гаранцијата за извршување на договорот – Банкарска гаранција: во вредност од **8 проценти** од прифатениот износ на договорот и во истата валута/и прифатениот износ на договорот.<br><br>(б) Гаранцијата за извршување на договорот за аспектите на животната средина, социјалните аспекти, здравјето и безбедноста (ЖССАЗБ) – Банкарска гаранција: во вредност од **2 проценти** од прифатениот износ на договорот и во истата валута/и прифатениот износ на договорот. |
| **Д. Завршување на договорот** | |
| **ОУД 56.1** | Датумот до кој треба изведувачот да ги достави упатствата за работа и одржување е **30 (триесет) дена од денот на Прием на градежот.**<br><br>Датумот до кој требаизведувачот да ги достави цртежите „како што е изградено“ е **30 (триесет) дена од денот на Прием на градежот.**<br><br>Датумот до кој се бараат цртежите „како што е изградено“ е **30 (триесет) дена од денот на Прием на градежот.** |
| **ОУД 56.2** | Износот што ќе биде задржан доколку не се доставаат цртежите „како што е изградено“ и/или упатствата за работа и одржување до датумот наведен во ОУД 58.1 е **300.000 денари**. |
| **ОУД 57.2 (е)** | Максималниот број на денови е: **50 дена**. |
| **ОУД 58.1** | Процентот кој се однесува на вредноста на незавршената работа, претставувајќи ги дополнителните трошоци на Работодавачот за завршување на Работите е 5**%.** |

# Дел X – Обрасци на договорот

Овој дел содржи обраци кои, откако ќе бидат пополнети, ќе претставуваат дел од Договорот. Образецот за Гаранција за извршување на договорот го пополнува само успешниот Понудувач по доделувањето на договорот.

## Обрасци

**Писмо за прифаќање................................................................................137**

**Договор........................................................................................................139**

**Гаранција за извршување на договор.......................................................141**

**Гаранција за извршување на договорот за Аспектите на животната средина, социјалните аспекти, здравјето и безбедност (ЖССАЗБ)....**Error! Bookmark not defined.

# Писмо за прифаќање

***[на меморандум на Работодавачот]***

. . . . . . . ***[датум]***. . . . . . .

До: . . . . . . . . . . ***[име и адреса на Изведувачот]*** . . . . . . . . . .

Предмет: . . . . . . . . . . ***[Известување за доделување на договор бр]***. . . . . . . . . .

Ве известуваме дека Вашата Понуда од . . . . ***[внеси датум]*** **. . . .** за извршување на . . . . . . . . . .***[внеси име и идентификациски број на договорот како што се наведени во Додатокот на Понудата]*** **. . . . . . .** . . . за прифатената договорна цена во износ од . . . . . . . . ***[внеси сума со зборови и бројки и валута],*** коригирана и модифицирана во согласност со Инструкциите за Понудувачите е прифатена од нашата Агенција.

Ве известуваме дека во рок од 28 дена треба да доставите Гаранција за извршување на договорот и Гаранција за извршување на договорот за Аспектите на животната средина, социјалните аспекти, здравјето и безбедноста [избришете ја Гаранцијата за извршување на договорот на ЖССАЗБ доколку не се бара во договорот] во согласност со Условите од Договорот, користејќи го за таа намена Образецот за Гаранција за за извршување на договорот и Образецот за гаранција за извршување на договорот на ЖССАЗБ, [изришете ја референцата за образецот за Гаранција за извршување на договорот на ЖССАЗБ доколку не се бара во договорот] кој се наоѓа во Дел IX - Обрасци за Договорот, од тендерската документација.

***[Изберете една од следните изјави:]***

Ние прифаќаме лицето ____________________________________________________***[внеси име на Пресудувачот на предлог на Понудувачот]*** да биде назначено за Пресудувач.

***[или]***

Ние не прифаќаме лицето ________________________________________________***[внеси име на Пресудувачот на предлог на Понудувачот]*** да биде назначено за Пресудувач и со испраќање на копија од Писмото за прифаќање до ______________________________________________________________________ ***[внеси го името Надлежната институција за именување],*** која е Надлежна институција за именување, бараме таа институција да назначи Пресудувач во согласност со ИП 43.1 и ОУД 23.1.

Потпис од овластено лице: ..........................................................................

Име и титула на потписникот: ......................................................................

Име на агенцијата: ........................................................................................

Во прилог: Договор

# Договор

ОВОЈ ДОГОВОР е направен на . . . . . .ден од . . . . . . . . . . . . . . . ., . . . . . ., помеѓу . . . . . ***[име на Работодавачот].*** . . . .. . . . . (во понатамошниот текст „Работодавачот“), од една страна и . . . . . ***[име на Изведувачот].*** . . . .(во понатамошниот текст Изведувачот“), од друга страна:

Работодавачот бара Работите наведени како . . . . . ***[име на Договорот].*** . . . . да бидат извршени од страна на Изведувачот и ја прифаќа Понудата на Изведувачот за извршување и завршување на овие Работи и поправање на какви било грешки кои може да произлезат од нив и

Работодавачот и Изведувачот се согласуваат на следното:

1. Во овој договор зборовите и изразите ќе го имаат исто значење кое им е назначено во документите од Договорот.

2. Следните документи ќе го сочинуваат Договорот. Овој Договор ќе биде прв по важност пред сите останати документи од Договорот.

(а) Писмото за прифаќање

(б) Понудата

(в) Дополнението . . . . . ***[внеси ги броевите на дополнението].*** . . . .

(г) Посебните услови

(д) Општите услови, вклучувајќи ги прилозите

(ѓ) Спецификацијата

(е) Цртежите; и

(ж) Предмер- пресметка;[42] и

(з) сите други документи **наведени во ПУД** кои се составен дел од договорот.

3. Во однос на исплатите кои Работодавачот треба да ги направи во однос на Изведувачот како што е наведено во овој Договор, Изведувачот се обврзува пред Работодавачот дека ќе ги изврши работите и ќе ги поправи грешките кои може да произлезат од нив во согласност со одредбите од Договорот.

[42] Во паушални договори, избришете „Предмер пресметка“ и заменете со „Распоред на активности“

4. Работодавачот се обврзува да му ја исплати Договорната цена или друга сума која ќе треба да се исплати во согласност со одредбите од Договорот на Изведувачот за извршувањето и завршувањето на Работите и поправката на грешките кои може да произлезат од нив во време и начин утврден според Договорот.

ПОТВДУВАМЕ дека страните се согласиле овој Договор да се изврши во согласност со законите на ..... ***[име на земјата заемодавач].*** ....на ден, месец, година како што е назначено погоре.

| | |
|---|---|
| Потпишан од:<br>за и во име на Работодавачот | Потпишан од:<br>за и во име на Работодавачот |
| во присуство на:<br>Сведок, Име, Потпис, Адреса, Датум | во присуство на:<br>Сведок, Име, Потпис, Адреса, Датум |

# Гаранција за извршување на договор

## (Банкарска гаранција)

***[Име на Банката и адреса на филијалата која ја издава гаранцијата]***

**Корисник**: ..................................*[име и адреса на Работодавачот]* .....................

**Датум**: *[внесете го датумот на издавање]*......................................................

**Гаранција за извршување на договор бр**.: *[внесете го референтиот број на Гаранцијата за извршување на договорот]* .................................................

**Гарант:** *[Внесете го името, адресата и местото на издавање, доколку не е наведено во меморандумот]*

Информирани сме дека *[внесете име на Изведувачот, кое во случај на заедничко вложување ќе биде името на заедничкото вложување]* (во понатамошниот текст „Барател") склучил Договор бр. *[внесете го бројот на договорот]* на датум *[внесете датум]* со Корисникот, за набавка на *[внесете назив на договорот и краток опис на работите]* (во понатамошниот текст „Договорот").

Исто така, ние разбираме дека според условите утврдени со Договорот, потребно е да се достави гаранција за извршување на договорот.

На барање на Барателот, ние како Гарант, со ова неотповикливо преземаме обврска да му ја исплатиме на Корисникот било која вкупна цена или цени кои нема да го надминат износот од *[внесете сума со бројки]*____________________*[внесете сума со зборови]*[1] коишто цени ќе се исплатат на начин и во валута во коишто е назначена цената на Договорот, по примањето од наша страна на барање од Корисникот, со прилог изјава на Корисникот, било да е во рамките на барањето или во посебен потпишан документ којшто ќе биде во прилог на барањето, во кое се наведува дека Барателот ги прекршил обврските коишто ги има во согласност со Договорот, без Корисникот да има потреба да докажува или да поднесува докази за основата на барањето или за наведената цена.

Гаранцијата ќе истече не подоцна од ......... ден од .........., 2...[2] и побарувањата за исплата треба да ги добиеме во оваа канцеларија на или пред назначениот датум.

---

[1] *Гарантот ќе ја внесе сумата која претставува процент од прифатената цена на Договорот назначена во Писмото за прифаќање, деноминирана во валутата од Договорот или во слободна конвертибилна валута прифатлива за Корисникот.*

[2] *Внесете го датумот дваесет и осум (28) дена од денот на завршувањето на изведбените обврски наведени во клаузула 53.1 од ОУД. Работодавачот треба да земе предвид дека во случај на продолжување на датумот за завршување на договорот, Работодавачот треба да побара продолжување на оваа гаранција од Гарантот. Тоа барање треба биде во пишана форма и да се поднесе пред датумот на истекување на гаранцијата. При подготовката на гаранцијата, Работодавачот може да го додаде*

Оваа гаранција е предмет на Унифицирани правила за гаранции, (URDG) ревидирано 2010, ICC издание број 758, со исклучок на изјавата во член 15(а) којашто е исклучена.

_______________________

*[потпис(и)]*

***Забелешка: Закосениот текст (вклучувајќи и фусноти) служи при подготовката на овој образец и ќе биде избришан во конечните документи.***

---

*следниот текст на крајот на претпоследниот параграф: „Гарантот се сложува да изврши еднократно продолжување на оваа гаранција со времетраење кое нема да надмине [шест месеци][една година] како одговор на писменото барање од страна на Корисникот, коешто ќе биде доставено до Гарантот пред датумот на истекување на гаранцијата“.*